# ЗБОРНИК КОН МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наслов:** ЗБОРНИК КОН МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
**Издавач:** Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ Ул. Коста Новаковиќ бр. 22а 1000 Скопје
**За издавачот:** М-р Драги Змијанац, претседател и основач
**Телефон:** +3892 2465316
**e-mail:** info@childrensembassy.org.mk; peace@childrensembassy.org.mk
**Уреднички:** Гордана Пирковска Змијанац, Ана Битољану и Фатмире Ајдари
**Графичко обликување:** Сашо Н. Алушевски
**Превод од англиски и хрватски јазик:** Сашо Н. Алушевски
**Лектура:** Марина Гечевска Василевска
**Печатење:** Инвенто

*Цртежите кои се искористени за илустрација во зборникот ги нацртаа деца кои не се вклучени во редовен образовен процес, посетители на дневниот центар на Детската амбасада Меѓаши. Со надеж и верба во образование за сите деца, ја посветуваме оваа книга на: Мелиса, Елида, Самина, Ванеса, Асија, Антонела, Шакира, Мартина, Ајтен, Медина, Џејлан, Мена, Леонтина, Јасин, Марија, Рихан, Лерита, Абдуш, Селвие, Рамиза, Насер, Габриел, Сабрина, Елиф, Серхан, Сиберџан, Орхан, Шукре, Ениса, Анета, Елизабета, Елвис, Рамија, Нерџиване, Њусена, Искра, Елвис, Ваљбона, Берѓија, Селма, Мевлуде, Џефрина, Марвин, Берѓијан, Шао, Сенед, Јуфида, Елина, Сенада.*

*Иван Опарин, 10 годишно момче од Ростов на Дон, Руска федерација. Кога имал три години, учителката во градинка му рекла дека неговите цртежи се многу лоши. Тогаш Иван „сфатил“ дека воопшто не може да црта. На училиште воопшто не црта, затоа што неговите цртежи се вон рамките на она што се бара по програма. Но тој сака да црта различни чудни ентитети и да го замислува нивниот живот. (неговите ликови се во потполност плод на многу креативна фантазија, сите се полни со живот, и сите, до еден се ненасилни). На страна 3 е Шалмашвир. Тој јаде часовници и живее во Кина. Има портокалова летачка машина и го истражува светот со својот јазик. На страна 39 е Чижа. Тој живее во океан. Се храни со сол, а ајкулите му се пријатели. На страна 73 е Кула. Таа живее во вулкан и несе 100 јајца во текот на својот живот. Виолетовите точки се нејзините деца.*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје
37:316.627 (497.7)(082)
ЗБОРНИК кон мировното образование / [уреднички Гордана Пирковска Змијанац,
Ана Битољану и Фатмире Ајдари; превод од англиски и хрватски јазик Сашо Н. Алушевски]. - Скопје:
Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“, 2018. - 70, 41 стр. ; 30 см
Насл. стр. на припечатениот текст: Permbledhje drejt arsimit paqësor. -
Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Фусноти кон текстот
ISBN 978-608-4603-18-4
а) Мировно образование - Теорија и пракса - Македонија - Зборници COBISS.MK-ID 109273866

BMZ Bundesministerium für wirtschaftliche Zusammenarbeit und Entwicklung

KURVE Wustrow Bildungs- und Begegnungsstätte für gewaltfreie Aktion e.V.


ШАЛЬМАШВИР

## СОДРЖИНА


1. **Кон мировното образование во Република Македонија ........ 5**
   *Гордана Пирковска Змијанац и Ана Битољану*

2. **Мировно образование – образование за СИТЕ ........ 11**
   *Себастиан Швајцер*

3. **Мировното образование во училиштата како можност, а не како дополнително оптеретување ........ 19**
   *Горан Божичевиќ*

4. **Поставеност на мировното образование во Република Македонија во формалниот и неформалниот дел на образовниот систем ........ 29**
   *Софка Коцева*

5. **За образование, за мир нема правда, нема мир! ........ 39**
   *Жана Живадиновиќ*

6. **Мировното образование може да биде начин на живот ........ 45**
   *Арбана Пашоли*

7. **Искуства од СУГС „Никола Карев“ ........ 48**
   *Гордана Блажевска Спиридонова и Маја Филиповска*

8. **РЕЧНИК НА МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 77**
   *Горан Божичевиќ*

# 1. КОН МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мировното образование (МО) или образованието за МИР, денес, во време на глобална криза и несигурност, буди сѐ поголем интерес. Тоа промовира знаења, вештини и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во средините каде што живеат да создадат услови за позитивен мир.

Клучните вредности на мировното образование, како ненасилството и социјалната правда, се темел за посакуваната општествена промена за почитувањето на човековите права и за градење на довербата.

Мировното образование ги вклучува сите возрасти. Сите теми можат и треба да бидат дискутирани на соодветен начин, со различни возрасти и групи. Меѓусебното учење, како и целоживотно учење, ги поттикнува луѓето како индивидуални градители на културата на мир и севкупно ја зголемува посветеноста на мирот во една заедница или општество.

Во училиштата МО е иновативна и сеопфатна училишна програма со која се креира ненасилен и пријатен амбиент во училиштата и надвор од нив создавајќи единство во различностите и исполнувајќи ги многубројните потреби на различната популација. Мирот и образованието се неодвоив аспект на модерната цивилизација. Ниту една цивилизација не е вистински напредна без образование и ниту еден образовен систем не е вистински цивилизиран доколку не е втемелен врз универзалните принципи на мирот.

## Појдовни основи на образованието за МИР

Мировното образование своите корени ги наоѓа во различни добри практики и учења, од религиските концепти до истакнати педагози и мислители како Коменски, Монтесори итн. Научните и активистички пристапи на Ј. Галтунг, И. Харис, П. Фреира, Б. Рирдон итн., даваат насоки и форма на мировното образование денес, а Обединетите нации постојано ја потенцираат важноста на мировното образование. Според ОН развивањето на културата на мир е од есенцијална важност за општествата, така 2013 година беше посветена на мировното образование укажувајќи дека образованието е од витално значење за поттикнување на глобалната припадност и градењето општества кои живеат во мир. Но, еден од проблемите за поголема застапеност на МО е што не постои лесен и едноставен одговор на прашањата: Што (сѐ) всушност е мировно образование? Кои содржини би требало да ги опфати? Кои содржини на глобално ниво насекаде ќе бидат имплементирани? итн. Кон оваа состојба придонесува и тоа што мировното образование не е потполно засебна научна и образовна дисциплина.

Во преамбулата на Уставот на УНЕСКО од 1945 г. е истакнато: „Бидејќи војните почнуваат во главите на луѓето, во главите на луѓето треба да се изврши превенција на мирот“. Последователно на овој исказ, луѓето можат да научат како може да се живее мирно, заеднички и како може да се создаде мирот во целиот свет. Во педагогијата за мир, наспроти сите митови, се знае дека никој „по природа“ не е насилен, дека човекот поседува вродени дарби кои влијаат врз неговото однесување, но никогаш не го детерминираат целосно. Оттаму едукацијата во принцип е разумна и можна.

Појдовни точки за каква било форма на едукација за мир се емотивните и когнитивните основи на однесувањето, а во тој контекст и ставовите на поединците и групите. Оттука, за да се отстранат војните и насилството, потребна е промена на одредени ставови и предрасуди, како и промена на општествените и меѓународните структури на моќ. Анализата на општествените и меѓународните структури на моќ е неизбежен дел на педагогијата за мир, а на разбирањето и постапувањето со конфликтите им се придава централно значење. Образованието може да игра голема улога во поттикнувањето на чувството дека сите припаѓаме на ист свет. Не е доволно само да ги учиме децата да читаат, пишуваат и бројат. Образованието треба да се темели на заемно почитување и да придонесува во создавањето на мирот во заедницата. Образованието за МИР и промоцијата на мирот преку образованието е приоритет на УНЕСКО. Образованието треба да негува заемно почитување кон другите и светот во кој живееме, да им помага на луѓето да креираат поправедни, инклузивни и помирни заедници.

Земјите-членки на УНЕСКО во 1974 година ја усвоија Препораката за образование за меѓународна соработка, мир и образование за човекови права и слободи во врска со сите фази и форми на образование и утврдување на одговорноста на земјите-членки да обезбедат образование за сите, со цел за промовирање на правдата, слободата, човековите права и мирот. Важноста на оваа Препорака беше потврдена во 1995 година во документот Интегрирана рамка за акција за образование 1 и во други документи на УНЕСКО каде особено се нагласува важноста на образованието за мир и придонесот на училиштата во таа насока.

Во 1999 година донесен е значаен документ кој ја нагласува клучната врска меѓу образованието за мир и создавањето култура на мир: Декларацијата на ОН за култура на мир[1)]. Според Декларацијата и програмата за акција, културата на мирот е збир на вредности, ставови, традиции и начини на однесување базирани на почитување на човечкиот живот, прекин на насилството, унапредување и спроведување на ненасилството преку едукација, дијалог и соработка. Декларацијата, исто така, нагласува дека културата на мирот треба да се заснова на почитување на принципите на слободата, правдата, демократијата, толеранцијата, солидарноста, соработката, плурализмот, разновидноста на културите и разбирање на сите нивоа на општеството и меѓу народите. Таа, исто така, промовира животната средина да е погодна за градење мир, како и активно учество на сите членови на општеството во промовирање култура на мир, потенцирајќи дека клучната улога во промовирањето им припаѓа на: родителите, политичарите/политичарките, новинарите/новинарките, верските организации и групи, интелектуалци, научници, филозофи, креативци, уметници, здравството и хуманитарните работници/работнички, социјални работници/работнички, менаџери/менаџерки, невладини организации и др.

Декларацијата нагласува дека културата на мирот треба да се заснова на почитување на принципите на слободата, правдата, демократијата, толеранцијата, солидарноста, соработката, плурализмот, различностите на културите и разбирањето на сите нивоа на општеството и меѓу народите, а се негува во национално и меѓународно опкружување кое поттикнува градење на мирот и кое сето ова го овозможува.

---

[1)] *http://www.un-documents.net/a53r243a.htm*

**Што е мировно образование?**

Не е едноставен одговорот на прашањето што (сè) всушност е мировното образование и кои содржини би требало да ги опфати, бидејќи секој контекст и регион бара поинаков пристап, поинаква интеграција на вредностите и содржините на образованието за мир, но целите на сите актери кои се посветени/вклучени се слични: мирна разработка, односно ненасилна трансформација на конфликтите, поттикнување на клима на ненасилство и меѓусебно разбирање, а во училиштата – среќни деца во мирно, креативно и безбедно училиште.

Истовремено, сите прашања поврзани со МО нужно нè навраќаат на прашањата: Што е мир? и Како мирот се доживува во средината/земјата каде живееме, работиме, делуваме? Би сакале да поттикнеме повеќе да се зборува и промислува за мирот и мировното образование, особено во правец дека мирот не е само отсуство на војна и воени дејствија. Оттука мировното образование опфаќа широк спектар на теми како ненасилство, техники за трансформирање на конфликти, демократија, разоружување, различности, идентитети, соживот, родова еднаквост, човекови права, одговорност за животната средина, комуникациски вештини итн.

Уште една клучна карактеристика на мировното образование е неговата приспособеност на земјата каде се изведува како и постојано преиспитување на односот макросредини – микросредини, глобално – локално. Иако дел од општите теми насекаде се исти, како веќе наведените – мир, ненасилство, трансформација на конфликти, човекови права, различност, родова еднаквост, одговорност за животната средина итн., специфичните проблеми и теми на кои се работи се определуваат различно, во различни општествени контексти, зависно од историјата на земјата и главните проблеми/предизвици со кои се соочува.

МО во Македонија би требало нужно да се занимава со нешта како војната/конфликтот во 2001 г., етничките поделби, односно насилството и дискриминацијата кои потекнуваат од оваа поделба, непостоење граѓанство/граѓански концепт, исцрпеност од транзицискиот период, преминот од еднопартиски кон повеќепартиски систем, од идеолошки систем кон демократија, но и отсуство на демократска култура, промените од социјализам кон капитализам итн., но и со тековни актуелни теми, како на пример, загадувањето и правото на чист воздух или бегалците и нивната состојба и слични проблеми кои се од животно значење.

Иако темите понекогаш делуваат тешки, со нив мораме да се занимаваме за да не останеме само на цртање на гулаби на мирот на ѕидовите на училишните згради без да ги поттикнуваме учениците да дознаваат повеќе за причините на конфликтите и проблемите, како и да се справуваат со нив на ненасилен и креативен начин - дури и ако тоа е потешко да се направи.

Една од нашите препораки до училиштата со кои соработуваме е внатре во самите колективи да разговараат и да изнајдат кои теми од областа на МО се важни и релевантни за нив и на тој начин активно да се артикулираат и некои сосема специфични проблеми на одредена средина / локална заедница.

МО покрај својата нужна фокусираност на контекстот на земјата и проблемите кои постојат во самата земја, истовремено го вклучува и регионалниот сегмент, поттикнувајќи прекугранична или регионална соработка со соседните земји. Овој вид соработка е особено важен доколку постои заедничко минато обременето со насилство, како што е случај со земјите

од бившата СФРЈ, не само од аспект на стабилизирање на постконфликтните односи, туку и како активно вложување во градењето заедничка иднина.

**Пристапот на Детската амбасада Меѓаши**

За нас разбирањето на мирот е визија за општество во кое секое дете и сите луѓе можат да ги развиваат своите потенцијали и да ги остваруваат своите лични слободи, притоа да бидат законски, но и преку општествени норми, заштитени од насилство, угнетување и понижување.

Да градиме похумано и поправедно општество за сите, а особено за послабите.

Во тој правец разбирањето на образованието за мир можеби наједноставно се опишува како доживотен процес на учење кое го негува мирот. Учењето вклучува лични емоции, артикулирање вредности и идеи, градење капацитети итн., кои придонесуваат кон живеење во општество каде се уживаат човековите права, постојано се намалуваат различните форми на насилство, постојано се придонесува за социјална правда и општествена промена, се внимава и вложува во здрава животна средина... Мировното образование ги охрабрува и им овозможува на луѓето да го препознаваат насилството (директно, структурно и културно), да реагираат на него, како и да ги трансформираат конфликтите на ненасилен и конструктивен начин.

**Зошто е потребно образованието за мир?**

МО отвора прашања кои се исклучително важни за младите генерации од вредносен аспект. Отвора прашања типични за конфликтно и постконфликтно подрачје:

- Како да се научат младите генерации да ги почитуваат разликите и свесно да придонесуваат во развивањето на атмосфера на соработка и во училишниот колектив?
- Како да се укаже на важноста на личната одговорност во исполнувањето на обврските и во текот на интеракцијата со врсниците?
- Како да се трансформираат конфликтите кои неминовно се јавуваат, но и како да се работи на превенцијата од нив?

Состојбата во светот е загрижувачка – не се намалуваат опасностите од војни и воени конфликти, воедно се зголемува насилството во интерперсоналните односи, а негативниот однос кон животната средина изнедрува нови форми на насилство. Потребни се здружени напори и промислени политики на делување, при што најчесто токму образованието се посочува како клучна област и можност за справување со овие проблеми. Потребно е образование кое на младите ќе им овозможи доволно простор за активно промислување и учење за мирот – мировното образование (МО). Промените и поинаквиот пристап кои се содржани во мировното образование влијаат на младите навремено, често и превентивно да го препознаат и запрат насилството, а долгорочно придонесува кон нивна предаденост кон ненасилство и активна вклученост во општествените случувања.

Мировното образование во училиштата е фокусирано на учениците и нивните потреби. Тоа е вредносно обоено образование, не е неутрално, туку активно се залага за вредности како

ненасилство, еднаквост, емпатија, солидарност, разбирање, одговорност, активизам, дијалог итн.

Образование за коешто е важно што се учи, но и на кој начин се учи и подучува, кое ги поттикнува учениците на општествена промена како крајна цел (не се задржува само на пренесување на знаења и вештини). МО дава практични вештини за тоа како да се трансформираат конфликтите на ненасилен начин, укажува на вредноста на образованието, употреба на стекнатите знаења и вештини, систематизира, класифицира, анализира, ги подготвува младите за живот, односно помага да разберат како светот (општеството) функционира, но и каков свет сакаат, го поттикнува разбирање на другите и светот, ги поттикнува младите активно да се вклучуваат во случувањата околу нив, им помага во детектирањето и справувањето со национализмот, расизмот, мизогинијата, хомофобијата, сексизмот, ејџизмот, говорот на омраза итн.

Мировното образование за да може да се спроведува, пред сѐ, потребно е градење доверба помеѓу сите чинители во училиштето, како и чувство на еднаквост, не според обврските и улогата во процесот на образованието, туку еднаквост во почитувањето на сите личности и мислења и вклучување на младите во различни сфери од училишниот живот, дури и во тоа како самото училиште се организира и работи. Така, МО придонесува училиштето да стане заедница во која младите учат како се делува и ја градат таа заедница според своите потреби, исто како што би требало да постапуваат понатаму во животот како активни граѓани и граѓанки во општеството.

**Методологија**

Методологијата опфаќа разни облици работа кои опфаќаат подучување на општествени вештини, техники за конструктивно справување со конфликти во училиштето и надвор од него, работа на подобрување на односот меѓу учениците, наставниците и организацијата на работата на училиштата.

Во секојдневната работа во рамките на проектот Мировно образование важно е професорите / професорките и учениците/ученичките да се здобијат со способности кои ќе придонесат во градењето на мирот. Акцентот не се става на учењето како учење, знаење, иако е добредојдено, туку повеќе на практичното спроведување на ненасилната комуникација, градењето на мирот, соработката, почитувањето... Ако зборуваме за знаење, би ја спомenале важноста од знаењето одредени факти за разоружувањето, средствата кои се одвојуваат за воени буџети, вооружување и сл., алтернативните начини на решавање и трансформација на конфликтите, животната средина и одржливиот развој, човековите права, другите култури и религии.

Образованието за мир треба да биде дел од редовниот наставен план. Вештините од областа на мирот вклучуваат развивање вештини на комуникација и вештини на конструктивна разработка на конфликтите, анализа на кризни состојби, правење приоритети, вештини на тимска работа... Овие вештини треба да се развиваат преку образованието, со препорака притоа да се употребува методологијата која се користи сега на тренинзите за мировно образование од страна на Детската амбасада Меѓаши. Вредностите/ставовите кои се неопходни за градењето на мирот вклучуваат: солидарност, љубопитност, интересирање за другите, поддршка,

ненасилна акција, непомирливост со неправдата, желба да се промовираат демократски решенија, праведност и еднаквост. Овие чувства/особини/вештини се развиваат со користење на посебна (овозможувачка) методологија и преку отворени разговори во сигурен простор.

Можни се различни модели преку кои образованието за мир може да се вклучи во редовниот образовен процес и така да стане дел од културата на училиштата и, воопшто, културата на земјата.

Мирот има различни форми, како и мировното образование.

За крај да се потсетиме дека промените ги иницираат верни и ентузијастички поединци/поединки и ве повикувме на заедничко промислување и делување, изнаоѓање начини каде, на кои сè начини можеме да го применуваме МО и како кон сеопфатно вклучување на МО во системот на формалното образование во Република Македонија.

*Гордана Пирковска Змијанац и Ана Битољану*
*за Тимот за мировно образование при ПДАС Меѓаши*









# 2. МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ – ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

**Мировно образование - образование за СИТЕ**
*(текстот е напишан врз основа на „Designing Learning for Peace“)*

Во контекстот на современа Европа образованието за мир е актуелно како што и било во изминатите децении. Сепак, иако може да се каже дека нивото на насилство е намалено по Втората светска војна, и на меѓудржавно и на општествено ниво, европските општества се далеку од ослободени од насилство.

Сите форми на насилство се повеќе од присутни насекаде низ Европа, од најистакнатите примери како војната во Украина или растечките расистички и ксенофобични ставови кон бегалците и малцинствата или правните рамки што ја ограничуваат слободата на изразување во голем број европски земји, а да не зборуваме за формите на насилство од секојдневниот живот, како родово базираните форми на насилство и булингот на работа и во училиштата, покрај другите.

Така, без двоумење може да се каже дека насилството е сè уште вообичаен начин на однесување во човечката интеракција, засновано врз претпоставката дека конфликтите можат успешно да се третираат со насилни средства за да се дојде до посакуваната промена. Оваа парадигма не е точна само за меѓународните или граѓанските конфликт, туку, исто така, може да се види и во многу интерперсонални конфликти.

Културата на насилство е константа во човековата историја, која континуирано се поттикнува и поддржува со слики од насилство и од војни во секојдневниот живот. Постојаната изложеност на ваквите слики ја зајакнува парадигмата на насилството и се обидува да го рационализира ставот дека не постои алтернатива на ваквиот пристап. Оваа парадигма го нормализира насилството како алатка за справување со конфликтите во општеството и помеѓу државите.

Ако претпоставиме дека парадигмата на насилство е стекнат и научен човечки модел на мислење и однесување, тогаш можеме да претпоставиме дека и поинаков начин за справување со конфликтите, исто така, може да се научи. Идејата за образование за мир била промовирана од прогресивни мислители, учители и активисти, во различни периоди од историјата.

**Различни образовни пристапи**

Имајќи го ова предвид, во минатите децении многу различни образовни пристапи беа развивани и користени во обид за справување со насилните ставови и однесување на луѓето.

Меѓу најпознатите пристапи се родово образование, граѓанското образование, образованието за човекови права, меѓурелигиското образование, како и глобалното образование. Тоа што е заедничко за овие пристапи е дека сите имаат за цел да промовираат толеранција, различност, ги поттикнуваат и зајакнуваат индивидуалната и општествената одговорност во личните, социјалните и еколошките сфери на човековата интеракција.

Во последно време, идејата за мировно образование добива на популарност и стана широко позната како нова форма на образование која има за цел да ја смени парадигмата од култура на насилство во култура на мир. Но, како и со многу нови идеи и пристапи, и на ова поле

има многу нејаснотии околу тоа што навистина е мировното образование и какви форми може да има. Така, иако брзо добива на популарност, тоа пати од ниско ниво на концептуализација, разлики во квалитетот и препознатливоста, како и од недостаток на разбирање на неговата цел и јасност за неговото место во поширокото поле на мировната работа.

Следствено, се чини дека е клучно за секој мировен едукатор да развие свое концептуално разбирање на мировното образование кое изгледа соодветно за контекстот во кој работи.

Затоа, подолу е направен еден пресек на едно поимање на мировното образование за да ги илустрира важните нешта во поддршката на мировните едукатори во дизајнирање на нивната лична рамка за мировното образование.

**Дефинирање на мирот**

За многу мировни едукатори се покажало корисно доколку ја користат сопствената дефиниција за мир како почетна точка за дефинирање на мировното образование. Ова е корисно од едноставна причина, бидејќи доколку знаеме што разбираме под поимот мир, лесно ќе можеме да заклучиме што е мировно образование или образование за мир.

Авторот на овој текст под мир подразбира партиципативен ненасилен процес кој се стреми да ги намали сите форми на насилство и да создава услови за внатрешна, социјална и еколошка благосостојба.

Дефиницијата нагласува дека мирот се стреми да создаде отсуство на сите форми на насилство во ненасилен и крајно инклузивен процес. Тоа не значи дека мирот не вклучува конфликти, бидејќи конфликтите се дел од секојдневниот живот, но со тие конфликти се справува со ненасилни средства и партиципативно. Покрај тоа, за мирот да биде целосен, мора да се постигне мир во три димензии кои во суштина го сочинуваат светот:

- внатрешната сфера на човечкиот живот;
- социјалната сфера - интеракциите помеѓу поединци, групи, организации, држави;
- во сферата на животната околина – целото биолошко опкружување на и околу земјата, вклучувајќи ги сите живи и неживи битија.

Овие два столба, ненасилството и екоцентризмот се темели на таквиот мир, за кој и двата придонесуваат со клучни вредности и практики.

Ненасилството на индивидуално холистичко ниво е водено од принципот на неповредување на ниедно живо суштество, вклучително и на себеси и приспособување на секојдневното однесување и активности на овој принцип. Ненасилството на социјално ниво, исто така, се разбира како средство за достигнување на политичка или општествена промена и во идеален случај тоа ја вклучува холистичката визија за ненасилство внатре во групите кои ги имплементираат таквите акции, како и на секоја индивидуа која е дел од таквите движења.

Екоцентризмот ги отфрла антропоцентричните ставови и однесувања и со тоа ја проширува областа за грижа преку гледање пошироко од човечката сфера и промовирање на еднаквоста помеѓу сите живи суштества и животната средина. Во својата суштина, екоцентризмот ја

отфрла супериорноста на луѓето над природата. Тој е критичен кон човековото влијание врз околината во филозофска, економска, социолошка и политичка смисла.

Ако мирот е базиран на овие два столба, тогаш мировното образование, како и секоја друга мировна работа, треба да гледа на овие два столба како на негови интегрални делови во методолошкиот пристап и рамката на делување.

**Дефинирање на мировното образование**

Според горенаведената дефиниција за мир, мировното образование треба да биде инструмент кој ќе го промовира и охрабрува мирот во трите димензии на внатрешен, социјален и еколошки мир, особено преку градењето на компетенциите на поединци – без оглед дали тие се мировни активисти кои се вклучени или работат во граѓански или владини организации, или едноставно се луѓе кои сакаат да станат помирољубиви во нивниот секојдневен живот.

Во таа смисла, мировното образование е секоја холистичка, мултидисциплинарна и трансформирачка образовна активност која придонесува за развој на компетенциите за живеење и градење на мирот.

Живеењето во мир (Living peace) се однесува на компетенциите кои се поврзани со живеењето во хармонија, во склад со себе, со другите живи суштества и околината, на локално и на глобално ниво. Можните компетенции кои образованието за живеење во мир се обидува да ги зајакне се:

- да се биде ненасилен, односно способноста за воздржување од употреба на насилство во секојдневниот живот, како на пример, да се прават информирани и свесни потрошувачки избори или ненасилно однесување кон членовите на семејството и врсниците;
- трансформација на конфликтите во секојдневниот живот, како на пример, способноста да се употребат вештини за трансформирање на конфликти во личниот и општествениот живот;
- ангажираност во опкружувањето/светот, како на пример, способноста да се приспособи сопствениот животен стил за подобро споделување на планетата со другите живи суштества;
- истражување на идентитетите и прифаќање на различностите, како на пример, способноста за справување со сопствените предрасуди и почитување на другите култури и битија.

Изградбата на мирот се однесува на компетенциите кои се потребни кога се работи за организирање, планирање и имплементирање на мировни активности. Специфичните компетенции на ова поле на градење мир се:

- планирање, надгледување и евалуација на активностите за градење мир, како на пример, способноста да се идентификуваат потребите на заедницата, планирање на ненасилни акции и поставување на цели во зададениот контекст преку инклузивен и партиципативен процес;

- трансформирање на конфликти, како на пример, способност да се вклучат други во процесот на градење на заедницата преку нивно мотивирање за да се грижат за мирољубив соживот и да станат дел од процесот на градење на мирот;
- спроведување и организирање на активности за градење на мирот, како на пример, способноста да се дејствува како медијатор - надворешна страна во конфликтот и да се создаваат опции за договори заедно со страните во конфликтот;
- поттикнување и одржување на мирот, како на пример, способноста да се поврзат/вмрежат релевантните граѓански иницијативи и институции во конкретниот контекст на конфликтот кој помага во делувањето на заеднички цели.

Живеење и градење мир е еден ист процес и не може да се одвои едното од другото. Важно е за оние кои тоа го учат, не само да знаат како да практикуваат мирољубива интеракција во нивниот секојдневен живот со нивната околина, туку и како да се справуваат со постоечките неправди и повреди на потенцијалите за развој на сите живи битија и околината преку проактивни средства кои го негуваат и поттикнуваат мирот и изградбата на мирот.

Со ваков двостран пристап мировното образование е и програма за личен развој, но и програма која (нè) зајакнува. Се стреми кон придонес за трансформативен процес базиран на вредности на лично ниво и во поширок социјален и еколошки контекст.

**Карактеристики на мировното образование**

Неколку аспекти на мировното образование се важни за да се разбере неговата природа и образовните поставки. Тоа се фокусот на развој на компетенции, неговиот холистички и мултидисциплинарен пристап и трансформативен карактер.

Мировното образование се фокусира и на развој на компетенции, покрај трансформацијата на знаења или оспособување на учесниците со специфични вештини. Во овој контекст компетенциите ги дефинираме како комбинација од знаења, вештини и ставови.

- Знаења – нешта кои некој ги знае и разбира врз основа на искуство и/или учење.
- Вештини – способност за преземање акција или да се направи нешто врз основа на пракса.
- Ставови – востановени начини на мислење и чувствување за нешто, вклучително и начините на однесување и вредностите врз кои се засновани.

Мировното образование се стреми да развие компетенции за сложени и меѓузависни сфери од човековиот живот – сферата на внатрешната, на социјалната и еколошката димензија на животот и тоа природно треба да е холистичко и мултидисциплинарно. Соодветно на тоа, мировното образование го истакнува холистичкиот развој на умот, срцето и телото, поттикнат и поддржан од когнитивно (рационално), емоционално како и тактилно учење. Згора на тоа, тоа вклучува и широк спектар на меѓусебно поврзани форми на образование, меѓу кои се на пример, подигнување на свесноста за социјалните и еколошките прашања, образование кое го поттикнува и негува личниот развој, образование базирано на вештини за ненасилно

справување со животните ситуации и ненасилно ангажирање, што придонесува за развој на вештините за живеење и градење на мирот во неговите различни аспекти.

Така, мировното образование е трансформативна форма на образование која се стреми да го смени начинот на кој луѓето чувствуваат, мислат и се однесуваат, особено со цел да се искорени насилството како општествено прифатено средство за справување со конфликти преку зајакнување на ненасилните модели на размислување и однесување во однос кон себе, кон другите и животната средина.

**Завршни забелешки**

Од констатираното холистичко разбирање на мировното образование може да се издвојат неколку прашања за секој воспитувач/едукатор кој би сакал да развие сопствена рамка за својата работа за мировното образование.

Контекст:

- Кој е општиот социјален контекст во кој работам?
- Кои конфликти постојат во мојот контекст и зошто?
- Кои форми на насилство се најистакнати во мојот контекст и на кои треба да се работи?

Целна група:

- Со која целна група работам или би сакал да работам и зошто?
- Кои се предизвиците на мојата целна група?
- Кои се нивните образовни потреби и намери?

Цел:

- Која е промената која сакам да ја видам во мојот контекст?
- Како може мировното образование да придонесе за таквата промена?
- Кои компетенции моите учесници/чки сакаат или треба да ги стекнат?

Теоретска рамка:

- Како ги разбирам клучните концепти на мировната работа?
  (на пр. конфликт, мир, промена итн.)
  Која е улогата на мировното образование во поширокиот контекст на изградбата на мирот?
- Кои вредности го поткрепуваат моето разбирање на мирот и како тие треба да се рефлектираат на мојот образовен пристап во образованието за мир?

Образовен пристап:

- Дали е мојот образовен контекст формален или неформален?
- Кој образовен пристап најмногу ѝ одговара на мојата целна група?
- Како можам да создадам средина за учење која ги одразува моите вредности и моето разбирање на мирот?

Себастијан Швајцер е проект-менаџер при Европскиот ннтеркултурен форум, тренер и консултант кој од 2003 година работи во Мировниот и образовниот сектор. Завршил политички науки и почнал да работи во граѓанското образование во Германија.

Во 2006 година тој ја фокусира својата работа на Јужен Кавказ и Западен Балкан. Себастијан фацилитира семинари и тренинзи за обука на теми како што се: градење на мирот, трансформација на конфликти, активно учество и граѓанско образование за активистите на граѓанското општество, младите и граѓанските организации.

Од 2011 до 2013 година Себастијан ја коменаџира Програмата за мировно образование за наставниците во Македонија и оттогаш истражува и едуцира за мировното образование. Во моментов тој престојува во Тбилиси, Грузија и поддржува широк спектар на иницијативи на граѓанското општество преку обука и прибирање финансиски средства.




## 3. МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТАТА КАКО МОЖНОСТ, А НЕ КАКО ДОПОЛНИТЕЛНО ОПТЕРЕТУВАЊЕ

**За поимот**

Поимот мировно образование малку по малку влегува во речникот на нашите општества.

Најчесто се поистоветува со разните облици на граѓанското образование, но упатените имаат појасна слика дека не станува збор за истото, понекогаш ни за слично образование. Граѓанското образование тврди дека е вредносно неутрално, дека ги оспособува учениците за снаоѓање, активно учество во демократското општество, се труди да не наметнува систем на вредности. Мировното образование е вредносно одредено самото по себе и не може да биде неутрално за кое и да е прашање.

Наместо да спориме околу преклопувањата со граѓанското образование и сличните предмети, да си поставиме некои, на прв поглед, едноставни прашања: Што е мировно образование?

Која е неговата цел? Како се спроведува?

На располагање имаме цела низа книги, дефиниции, толкувања што е мировно образование, а што не е. Оваа книга им се придружува. Проблемот со дефинициите е што тие ни доаѓаат од некои други луѓе, кај мировното образование тоа станува проблем. И не е единствен.

„Мировното образование е целосен партиципативен процес кој вклучува учење за демократија и човекови права, ненасилство, социјална и економска правда, родова рамноправност, одржлив развој, демилитаризација, градење мир, меѓународно право и човечка сигурност[2)]" – заклучиле самоорганизираните граѓани од Хашкиот апел за мир во 2000 година.

Целта на мировното образование е ослободување на личноста од невидливите окови на опкружувањето (културното и структурното насилство), оспособувањето самостојно да делува на превенција на насилство, искористувањето, грижата за околината, поттикнување на достоинството на секој живот.

Да се дејствува на превенција на насилството е пред сè вредносна одлука. Најмалку рационална. Насилството и неправдата не болат и не можеме да останеме пасивни. Секако дека помага знаењето да се препознае насилството, особено она невидливото, недиректното, нефизичкото.

Мировното образование најмалку има намера да поучува за решенија, да нуди рецепти, точни одговори. Повеќе го интересира рефлексија на стварноста, го интересира да ги сослуша сите вклучени страни, го интересира да ги разбере мотивите и потребите. Тоа не е само ненасилна трансформација на конфликти. Тоа е и свест за одржлив развој, интерес за промената на климата која носи поплави, уништува земја, куќи, луѓе. Нè изненадува менувањето на период на суши и потопи, мешањето на годишните времиња. Мировното образование не сака да биде слепо на промените кои се случуваат во општеството.

**Во училиште**

Што мировното образование може, мора да му значи на секој наставник/наставничка? Пред сè растоварување. Ако е товар, дополнителна обврска, целта е промашена. Помош во наставата. Гледање на учениците како соработници, гледање на себеси како на несовршена

[2)] *Според Глобалната кампања за образование за мир, Hague Appeal for Peace, 2000.*

возрасна личност која го поттикнува развојот на помладите. Гледање на родителите како на помошници/соработници, уживање во поттикнувањето на нивниот развој. Однос со надлежните инстанци (директорки, инспектори, агенции и министерства) кој е здрав, а не подреден.

Тие се тука да ми помагаат мене, на личноста која е во непосреден контакт со помладите, учениците. Личност која има најголема одговорност и влијание на нивното формирање.

Веројатно најголем проблем на мировното образование во училиштата е што денешните училишта се сè уште недемократски. Учениците немаат влијание врз најважните прашања: плановите и програмите, изборот на наставници, изборот на изворите на информирање, распоредот на часовите, големината на одделението. Училниците се како кутии и пораката за „вкалапување“ тешко може да се скрие. Да замислиме кружни училници и седење во круг во просторија со многу дневно светло; времетраење на часовите кое не е стриктно одредено, туку приспособено на темата, на учениците, на моментот.

Донесувањето одлуки во училиште е многу поврзано со мировното образование. Ги оспособуваме ли младите луѓе за партиципативно одлучување или правиме послушно граѓанство?

Сакаме војни утре или не? Нема војни без послушност. Поставувањето на прашања е најголем проблем на секоја војска. „Не си тука да мислиш, туку да ги извршуваш наредбите“ е позната реченица на секој кој бил во војска. „Не си тука да извршуваш наредби, туку да мислиш“ – мора да биде мотото на мировното образование. „И да делуваш“, би додал.

Да се запрашаме од позиција на мировното образование: која е улогата на училиштата? Каков и да биде одговорот, ќе биде фокусиран на учениците. Училиштето нешто од нив сака.

Дали е тоа комплетен одговор? Каде се наставниците? Нели е училиштето место за нивна интеракција – со учениците, меѓусебна и со заедницата? Внимавајте – интеракција со учениците.

Заемна. Иако сите наставници ќе ви потврдат дека „и тие добиваат, учат од своите ученици“, тоа сепак ќе го гледаат како „нуспојава“, а не како примарна цел. Зар не е од исклучителна важност да се освести дека наставниците во училиштата многу, примарно добиваат, разменуваат, учат од учениците? Учениците кои се свесни дека во училиштето даваат многу, стануваат свесни граѓани. Што даваат? Секако, не мислам на точни одговори на прашањата од наставниците. Го даваат она што наставниците го немаат - увид во живеењето на младите генерации, толку брзи, нагли и често шокантни промени кои ги носи животот во дигиталната ера, енергија, ентузијазам, страст каква што само младоста ја има.

Зошто училиштето не е место за размена? Зошто ни е тешко да го разбереме тоа дека денешните ученици доаѓаат од 21 век, а дека ние, наставниците, сè уште сме заглавени во 20 или дури и во 19 век?

Улогата на наставникот во мировното образование не е да ги поучува учениците за одредени теми. Заборавете на тоа. Тешко вам и тешко на учениците.

Улогата на наставниците е да се ужива во можностите на сопствената преобразба, трансформацијата на училиштата и на самото општество во нешто навистина човечко, еколошко и пријателско, ненасилно место за живеење, за славење на животот.

Се плашам да напишам дека училиштата мораат да станат храмови на човечноста, заради сите можни верски конотации. Но училиштата го имаат тој потенцијал за трансформација, ослободување, креирање визија на свет без насилство и неправди. Нели е тоа сон на секое дете? Заедно со нејзината/неговата главна улога во остварувањето на тој сон. Да почнеме заедно да го оствaруваме, наместо да го погребаме од почеток.

Можеби и токму заради тоа училиштата се места за дисциплинирање на луѓето, убивање на нивната самосвест, креативност, различност. Униформирање, вкалапување. Училиштата се стерилизирани затоа што се опасни. Се подразбра дека секоја власт ќе има влијание на училиштата. А зошто би имала? Каква врска има тоа што можеби јас утре ќе бидам премиер и со тоа ќе добијам право да одлучувам што и како ќе им биде пренесено како важно на децата?

Од каде ми е тоа фараонско право во едно демократско општество?

Нели училиштата, како и судството и медиумите, би требало да бидат независни од политиката? Знам дека прашањево ви предизвикува горчина, можеби и резигнираност, но зборувам за целта на мировното образование. Да ослободува. Да поставува прашања. Да ги предизвикува авторитетите, моќните авторитети. Да ги охрабрува слабите. Мировното образование во денешните училишта никако не е дополнителен предмет. Не е ни „кроскурикуларна содржина“.

Не е, слушате? Не е.

Тоа е зачеток на училиште какво што ни треба за никогаш повеќе да нема војни, насилство и искористување. Тоа е семе на надежта за преобразба на светот на начин на кој не се осмелуваме да веруваме дека е возможен. Нашиот страв е проблем, нашето откажување од соништата, нашата согласност на она што е можно во моментот.

Мировното образование е радост, зајакнување, интелектуално и емоционално играње, а ако не се надеваме и не му се радуваме, тогаш тоа не е тоа.

Мировното образование е начин како наставниците да станат послободни во училиштата, излез од состојбата во која „не знаеме како да излеземе на крај со учениците“, крај на ерата кога со оцени ја контролираме иднината што доаѓа – младите. Почеток на состојбата во која учениците и наставниците ќе се радуваат на средбата, во која наставата е радост, вистинска прослава на една заедница, триумф на љубопитноста, танц на креативноста.

**Училиштето и заедницата**

Училиште во заедницата? Во основните училишта кои се наоѓаат во непосредна близина на заедницата, тој концепт функционира. Но што е со средните училишта?

Интеракцијата со заедницата често се сведува на прашања од струката или од државата, пропишани однесувања поврзани за државни празници и слично.

Но таа е многу поголема. Секое средно училиште има низа пропратни содржини околу себе: пекарници, објекти за брза храна, продавници, кафулиња, фотокопирници, за жал, понекогаш и дилери, криминалци, социјално маргинализирани поединци кои – за разлика од повеќето од нас – училиштето го перципираат правилно: како место каде што расте и се развива животот, каде што пламнуваат и растат љубови меѓу младите, место на веселби и радост

на растењето, одредена слобода, незадолжителност која фирмите и другите институции ја немаат.

Препознавањето на таа социјална мрежа, поврзувањето на актерите, вклучувањето на нови (театарот во близина, нуркачкиот клуб, бездомниците итн.), чувството на поврзаност со заедницата е – што? Градење на мировна инфраструктура во општеството. Не е само профитот мотивација за работа и поврзаност, туку и грижата за другиот, за младите, слабите, особено за иднина без насилство.

Колку е училиштето отворено за родителите? Колку содржини им нуди на родителите?

Колку сме спремни да исчекориме од секојдневните жалења дека „на родителите не им е гајле"? Не им е гајле? За што? За развојот на сопствените деца? Или не им е баш до губење време во авторитарниот систем на школство каде не постои слобода на создавање (креирање) содржини, ниту волја за размена. Како да го привлечеме таткото на „проблематичниот" син во училиште? Така што ќе го потсетиме дека и самиот бил проблематичен?

Или како сега е неуспешен, без работа, без самодоверба? Што му нудиме? Ги викаме ли на училиште да ги сослушаме? Или да им кажеме дека „мораат повеќе да внимаваат"? Дека треба да го прават она што не го знаат – да се снаоѓаат во светот во кој се губитници?

Мировното образование е свртено кон заедницата. Тоа им помага на наставниците лесно да им пристапат на актерите од заедницата. Им помага да не ја обесхрабри резигнираноста на тие актери. Ја враќа вербата во промената, ја реафирмира вредноста на детските соништа.

Училиштето не е остров. Не постои вон времето и просторот. Поврзаноста со заедницата во која дејствува е нужна. Знам дека таа често изостанува, особено во средните училишта. Тоа мора да се смени. Отвореното училиште ѝ служи на заедницата, на луѓето и тоа ѝ се враќа.

„Современиот начин на живот донесе отуѓување. Луѓето се во постојана трка." Ова се реченици од пред четириесетина години. Како е денес? Прекинати се врските во нашите општества.

Не се само војните причина за тоа. Општествата (наводно) се демократизираа, но луѓето живеат полошо од порано. Не навлегувајќи во политички анализи, факт е дека живееме во ера на дигитална технологија. Денес децата имаат паметни телефони. Со нив го снимаат насилството, стануваат важни заради тоа. Малубројни се наставниците кои знаат да се носат со случувањата од виртуелниот свет. И мал е бројот на родители. Промените се пребрзи, фрустрациите во училиште се повеќестрани, често испаѓа дека никој никого не разбира – улогите се сменети, а никој за тоа не нè известил.

**Содржини**

Наставниците кои се заинтересирани за мировното образование во училиште, често се прашуваат: Како да знам дека некоја училишна активност е мировна? Кои се показателите? Како да не се промаши, како да не се направи грешка?

Оние поснаодливите се обраќаат за помош на поискусните мировни едукатори. Но, одговорите ни се пред нос – да ги прашаме самите ученици. Што им пречи? Што им е наметнато?

Што мислат за содржините? Кои пораки им ги носат? Која активност ги менува односите на моќ?

Која активност воведува поправедни односи? Која активност дава одговори на вистинските дилеми, на проблемите на младите? Која активност охрабрува да се спротивставиме на посилниот, на неправдата?

Недемократско училиште не може да поучува за демократија, и особено не за мировно образование. Дали тогаш треба да се откажеме? Или да чекаме? Прво да се демократизираат училиштата, па после да „се воведе“ мировно образование? Како да се демократизираат? Со самото мировно образование. Тоа не е пренесување на знаења, вештини и ставови на учениците.

Тоа е размена, преиспитување, соработка.

Разбирливо, наставниците се интересираат за содржините на мировното образование. Колку се тоа жешки, актуелни општествени теми, колку се врзани за војните, како за минатите така и за оние војни кои не сакаме да ни се случат.

Одговорите се и не се лесни. Воопштено се зема дека содржините мора да соодветствуваат со конкретните проблеми во општеството. Така мировното образование на Блискиот Исток, во Северна Ирска или на Балканот не може да ги заобиколи насилните конфликти низ кои тие општества поминале или поминуваат. Во развиените земји мора да се работи на одговорноста на богатите за состојбите во сиромашните земји во светот, односот кон емигрантите, економските политики кои се продолжување на постколонијалниот ментален склоп.

Тука доаѓаме до заклучок дека дел од содржините треба да биде специфичен за одредена средина, а дел универзален за цела планета. Содржините се важни, но начинот на нивната обработка е поважен. Повторувам дека во градењето на мирот е поважно „КАКО?“ од „ШТО?“

**Промена на парадигмата**

Почитувај ги постарите – нè учеа од мали. Почитувај ја личноста, нè исправа мировното образование. Интегритетот на личноста, нејзината етичност, храброст, залагање за послабиот, за поинаквиот нека ти биде пример, а не бројот на нечии години.

Биди машко/женско, што значи тоа денес? Како да се помират традицијата, генетиката, биологијата со реалноста? Да се исчекори од лицемерието на општеството, стравот да бидеме тие што сме и уште поважно – да дозволиме на другите да бидат тоа што се.

Односите на моќ во училиштата се клучни. Кој носи одлуки и како? Моќта доаѓа од горе кон долу, државата (министерството) одредува, наставниците како државни службеници спроведуваат, а учениците (државјаните) усвојуваат.

Како ни изгледа сето тоа? Колкав е просторот за државјаните да учествуваат во создавањето на сопствената иднина/општество?

Повторно се навраќам дека за мировното образование е клучна атмосферата во училиштето, доживувањето на училиштето како место за создавање на иднината на заедницата и општеството, оснажување на наставниците слободно да работат на поттикнување на растот и развојот на своите ученици.

Мировното образование во Македонија, како и во другите земји кои поминале низ вооружени конфликти, недвојбено е поврзано со изградбата на мирот. Тоа накусо значи соработка.

Општество во кое интензивно се соработува е општество кое не произведува војна, нити има закана за/од војна. Преведено во контекст на мировното образование тоа значи дека тоа мора да има за цел да поттикнува цела низа соработки: меѓу самите ученици, ученици со наставници, ученици со родители, ученици со заедница, општество.

Тој дел во помала или поголема мерка можеме да го препознаеме.

Но, што е со соработката меѓу наставниците, наставниците и учениците (не е исто што и учениците со наставниците), наставниците со надлежните државни тела, наставниците и родителите, наставниците и заедницата?

За тоа, знаеме, нема време. Мировното образование мора да ни го врати. Денешната специјализирана настава не предвидува соработка помеѓу наставниците во значајна мерка. Во ист или сроден предмет – да. Но, како, зошто би соработувале наставник по физика и македонски?

На вакво прашање во денешното училиште е тешко да се одговори смислено и веднаш. Во новото училиште до кое мировното образование ни помага да дојдеме, самото прашање станува бесмислено.

Соработката ни треба затоа што во процесот на учење и оспособување за одговорен, плоден живот утре, се вклучени истите деца, од истото училиште, од истото опкружување. Целта на наставата е иста, квалитетна подготовка за живот и квалитетно живеење веќе денес, во процесот на растење полн со предизвици.

На наставниците не им е лесно затоа што својата компетентност како учители и воспитувачи ја црпат главно од струката и од искуството, но во општествата кои брзо се менуваат искуството може да биде и пречка.

Излезот е во промената на парадигмата на учење. Улогата на наставниците е да го олеснат процесот на учење, да подготват за предизвиците на животот. Во ерата на интернетот наставниците веќе не се извор на знаење, тие се посредници, фасилитатори. Учениците треба да се оспособат за снаоѓање. Тука доаѓаме до добри вести. Денес младите се повешти во користењето на интернетот и другите дигитални комуникации. За жал, иако тоа е разбирливо, тоа ги плаши наставниците затоа што ги прави да се чувствуваат некомпетентни, без авторитет. Знаењето е некаде на друго место и не е веќе нивен монопол.

**Учениците - носители на процесот**

Добра вест е дека младите преку користењето на своите паметни телефони, Вибер, Твитер, Фејсбук и други комуникациски канали, веќе се фамилијарни со интернетот – најголемиот извор на знаење на планетата. Шегата вели дека денес луѓето кои се приклучуваат на тој извор на знаење, наместо да го користат за учење, за свој раст, развој и добросостојба, ги прават следните две нешта: на него ги ставаат сликите од своите мачки и се караат со луѓе кои не ги познаваат.

Тука доаѓаме до улогата наставникот денес и до улогата на мировното образование. Сликата на мојата мачка е дел од мојата приватност која ми значи и со која не знам како да се однесувам во дигитално поврзаниот свет. Расправањето со непознати луѓе на разни платформи е израз на потребата за комуникација вон мојата сигурна приватна сфера, но и на страв од таа комуникација.

Мировното образование пренесува порака дека другите луѓе не ни се закана. Нивното однесување може да биде закана исто како што и нашето однесување може да биде закана за другите.

Различноста не е закана, таа е нужност при брзото поврзување на луѓето кои до неодамна беа така далечни географски, класно, социјално, културно, вредносно.

Накратко доаѓаме до главните цели на мировното образование:

- да се подготват, оспособат, зајакнат младите луѓе за здрав, соработнички однос со другите луѓе, без насилство, со заемно почитување;
- истото нешто, само во однос на општествените структури, разбирајќи ја структурата на власта, нејзината улога да ни служи, нашата обврска да ја контролираме. Разбирањето на структурното и културното насилство ни помага и нѐ обврзува да работиме на нивно намалување, укинување;
- поттикнување на грижа за целовитоста на животот на земјата, одржливоста на тој живот, грижа за климата, за ресурсите, за луѓето кои живеат полошо од нас.

Тука се денешните наставници силни. Во времиња на ниски плати, општествено непризнавање, барање на нови компетенции, сомнеж во сопствените – наставниците заборават на својата голема сила, квалитет. Тоа е грижата за другиот. Колку и да се резигнирани денес, огромното мнозинство на просветни работници ги поврзува грижата за децата со кои работат.

Често тоа е и љубов кон животот на кој му помагаме да расте, желба да им дадеме најмногу што можеме, да им бидат животите посреќни, помалку насилни, подобри од нашите.

**Денес и утре**

Временската димензија е важна кај мировното образование. Тоа е работа на долги патеки. Но, со мноштво мали, но брзи поместувања, сатисфакции. Мајка на едно девојче кое посетувало работилници за ненасилна комуникација во Зеница дошла да ги запознае водителите на тие работилници, да им се заблагодари. „За што?“ – ја прашала Венира, една од тренерките. „Мојата ќерка беше срамежлива, интровертна личност. Некое време доаѓа на вашите работилници.

Денес за ручек ми рече: ’Мама, немој да ме прекинуваш додека зборувам.‘ Тоа многу ми значи.

Ви благодарам“.

Тоа што патот е долг, а пречките бројни, нека нѐ потсети дека учествуваме во нешто ново, важно, големо. По две светски војни, периодот на Студената војна, здружените граѓани, осо-

бено на низа милениумски собири околу 2000 година, одлучија активно да градат свет без војни, без насилство.

Во време кога планетата се смали, па секојдневно дознаваме случки од другата страна на глобусот, кога сме преплавени со информации и сфаќаме дека најважните нешта не ни се кажуваат, кога веќе еден цел век постои Универзалната декларација за човекови права, воспоставен е првиот вистински глобален суд – Меѓународниот казнен суд (ICC), сфаќаме колку ни е кревка цивилизацијата.

Секојдневно се смалуваат белите дробови на планетата – шумите на Амазонија, вистинско е чудо што не е употребено нуклеарно оружје по 1945 година, системот на банки, корпорации и корумпирана политика е вон контрола и во најразвиените земји, а не пак во оние помалку развиените. Војни и понатаму се водат и тоа со сè посовремени оружја, со сè помалку јасни причини, освен за профит. Јазот помеѓу богатите и сиромашните е сè поголем, како во светот, така и кај нас. Еден податок од не така далечно минато вели дека 10% од граѓаните на Македонија немаа видно воз во животот. Истовремено барем истиот тој процент на граѓани на Македонија има врвно образование, светски се релевантни и барани, зборуваат неколку јазици.

Како да се намалат разликите? Како тој јаз да не произведува насилство? Како побрзо да се приклучиме на заедницата на развиените, на ЕУ, на пример? Со образование. Вредносно. Мировно.

**Наместо заклучок**

Забелешка е дека мировното образование доаѓа од невладиниот сектор. Тоа веројатно би требало да ја дискредитира идејата. Не ми е јасно зошто воопшто треба да се дискредитира идејата дека граѓаните се оспособуваат за самостојно, компетентно учество во демократските процеси, во квалитетниот соживот со другите.

Како и да е, таа забелешка е само делумно точна.

Точно е дека во постјугословенските држави мировното образование сè уште не е во училиштата. Точно е и дека има низа истакнати поединци, групи, здруженија на кои им е важно тоа да биде во училиштата.

На сите ни е потребно знаење, време, потребни ни се луѓе. За промена, прво нам самите, на сопствените навики, за преобразба од предавач во соработник, од наставник во фасилитатор, за ставот дека ние даваме, а учениците примаат, за прифаќање на нужноста од обостраната, повеќестраната размена, соработка.

Оснажени наставници се најитната, првата цел. Порастот на критичка маса на професори, наставници, учители, стручни соработници кои сфаќаат дека мировното образование е промена на парадигмата на училиште формирано и структурирано во периодот на индустриската револуција, кон училиште кое е соодветно на иднината која е веќе тука.

Вреди да се повтори за крај: мировното образование кое во старт е оптоварување, дополнителен притисок или обврска – не е тоа.

Мировното образование нè менува, ги зајакнува слабите, разочараните, маргинализираните, им помага на силните да ја користат својата сила за своја и благосостојба на другите, а не на нивна штета, воспоставува односи кои го прават општеството силно, а мирот одржлив.

Во време кога човечките знаења се достапни до сите преку интернетот, ни треба помош во снаоѓањето. Техничката помош, каде да се најде одреденото знаење, да се усвои, да се научи, денешното училиште ја спроведува прилично добро.

Ни недостасува разбирање на контекстот. Зошто две третини од луѓето на планетата живеат во сиромаштија? Зошто на луѓето секојдневно им се наплаќа вода во шишиња од извори кои до вчера беа јавна сопственост? Што сè секој од нас мора да направи за никогаш повеќе да нема војна кај нас? Ја знаеме ли моќта на поставување прашања? Го разбираме ли другиот, поинаквиот, неговата/нејзината потреба да живее поинаку од она на што ние сме научени?

Мировното образование е нашиот близок асистент. Помош. За малите чекори, за првите чекори, за најважните чекори.

Колку е убаво да се оди по неразгазени патеки кои се сè помалку неразгазени. Во Македонија има веќе неколку стотини просветни работници доволно едуцирани да можат самостојно да изведуваат разни елементи од мировното образование.

Оваа книга сака да ве препознае сите вас како витални соработници/соработнички во градењето на општество без насилство од кои ќе учиме, со кои ќе соработуваме, на чии програми ќе учествуваме, кои ќе се поврзуваат со сите колеги и колешки од целиот свет.

Затоа што во денешниот свет локалното од глобалното е оддалечено само еден мал чекор.

На нас е да одредиме дали тоа ќе биде мировен или војнички чекор.

Горан Божичевиќ, мировен учител и медијатор, активен во мировната работа од 1993 година.

Работи во сите постјугословенски земји и Украина, а по потреба и на други места.

Близок до квекерите и менонитите. Пишува мирамидалии на http://h-alter.org / од 2014 и Мирамида речник на http://radio.rojc.eu/. Се занимава со теми за помирување, дијалог и мировно образование.

Живее на Истра.

# 4. ПОСТАВЕНОСТ НА МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФОРМАЛНИОТ И НЕФОРМАЛНИОТ ДЕЛ НА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

**Вовед**

Мировното образование со своите содржини е комплексна област која е многу важна за развој на цивилното општество. Бидејќи тежнееме кон создавање и развој на демократско, мултикултурно, мирољубиво општество во кое постојат еднакви шанси и права за сите, реализацијата на мировното образование на сите нивоа, возрасни групи е од клучно значење за воспитно-образовниот систем. Затоа се потребни и различни пристапи, дидактичко-методски техники, алатки за негово спроведување, според поставеноста и интегрираноста во формалниот и неформалниот дел на образовниот систем.

С о цел подобро да го разбереме мировното образование ќе се потсетиме на познатите дефиниции кои се наоѓаат во литературата за трансформација на конфликтите на Johan Galtung, во книгата Peace by Peaceful Means: Peace and Conflict, Development and Civilization, кој го дефинира мирот како: „Мирот е отсуство или доведено до минимум насилство по секој основ" и „Мирот е ненасилна и креативна трансформација на конфликтот". Поранешниот генерален секретар на ОН – Кофи Анан вели: „Мирот е константна работа и значи многу повеќе од отсуство на војна, значи ослободување од глад, подразбира правда, човекови права, образование, здравје -и добар живот. Доброто владеење на мирот значи да се даде можност на луѓето да водат пристоен живот".

Неопходно е наставните методи, техники да ги следат динамиките во општеството, промените кои се случуваат, а родителите, пак и наставниците да растат со учениците. Да се применуваат корисни практики кои опишуваат проблеми/конфликти во средината во која живеат, учат, престојуваат и кои нудат решавање на проблемите, корисни идеи за социјализација, позитивна и ненасилна комуникација и правила за тимска работа.

Социотехнолошките промени се толку брзи, ни се чини не можеме да ги следиме, ја ослабуваат мотивацијата, а со тоа и динамиката на следење на промените. Но, постојано се бараат нови решенија, насоки, се развиваат програми по мерка на учениците, училиштата кои ќе бидат поддршка за да во тие училишта се применат нови пристапи: ненасилна комуникација, медијација и други начини на разрешување на конфликтите. Потребни се заеднички акции, поддршка на учениците, наставниците, стручните работници, родителите за истите да успеат.

Содржините и активностите на мировното образование во Македонија се застапени во формалниот дел на образовниот систем, како и проекти со невладиниот сектор, меѓународни организации, како партнери на училиштата или локалната заедница.

**Мировното образование во Македонија**

Промените во општествено-политичкиот и економскиот систем во Република Македонија наметнаа многу прашања за нашата сегашност која е одбележана со промени. Заедничкиот раст на Истокот и Западот, проширувањето на Европската унија, брзиот научно-технолошки прогрес и ефектите од глобализацијата имаат силно влијание на секојдневието, па и на воспитно-образовните текови. Притоа, се поаѓа од стратегиските определби на Републиката за државно правно консолидирање на суверена, самостојна демократска, социјална и граѓанска држава, со јасна ориентација и определеност за интегрирање во Европа.

Како извонредно значајни аспекти за идниот демократски развој, цивилизациските и универзалните придобивки, вредностите, правата, културата за мир, нужно се наметнува потребата младите, учениците да се здобијат со знаења, култура и свест за овие процеси, односно да ја сфатат важноста на европската идеја преку процесите на европската кооперација, преку нејзините содржини, структура и методологија. Генерациското искуство, традицијата во изучување на мировното образование во Републиката е во континуитет градено и развивано низ воспитно-образовниот систем, порано како Одбрана и заштита, па сега како Мир, толеранција и заштита. Оттука и темата Цивилна заштита, која овозможува компетенции на учениците за лична и колективна заштита од сите видови природни закани, ризици и загрозувања. Може сме единствената земја од бившите југословенски држави која ги задржала во системот на образование овој вид содржини.

**Поставеност на мировното образование во Македонија**

Во Република Македонија дел од содржините и активностите по мировно образование се познати/поставени под наслов Мир, толеранција и заштита во средното образование, кои се реализираат во наставните планови и програми:

А) Формален пристап

Проектни активности во гимназија – Мир, толеранција и заштита

Наставен предмет во средното/стручно/тригодишно – Мир, толеранција и заштита

Слободни часови во стручните училишта – Мир, толеранција и заштита

Животни вештини, наставен предмет на класните часови во основното и средното образование.

Вештини за живеење, изборен предмет во основно образование, тема – Заштита и спасување (12 часа)

Воннаставните активности, слободните ученички активности, активностите планирани со Годишната програма за работа на училиштата се, исто така, форми за реализација на активности од оваа проблематика.

Б) Неформален пристап

Проекти на училиштата кои се реализираат со невладиниот сектор и други организации, како во средното образование, така и во основното образование, како воннаставни и слободни ученички активности.

Во формалниот воспитно-образовен дел поставеноста е следна:

Во гимназиското образование, од учебната 2003/2004 година во Наставниот план се воведе задолжително подрачје Проектни активности – по 70 часа за секој ученик во годината или две области (по 35 часа), од кои едната може да ја избере ученикот секоја година ако покажува интерес, а може да биде Мир, толеранција и заштита. За истото, Бирото за развој на образованието изготвува за наставникот програма со насоки и упатства за реализација.

Во подрачјето Проектни активности во Наставниот план на учениците им се нуди можност да изберат две области (од 11), во кои се проучуваат, истражуваат, изработуваат проекти. Меѓу другите, застапени се областите: мир, толеранција и заштита, урбана култура, граѓанска кул-

тура, култура за здраво живеење, за кои имаше голем интерес од учениците, особено за мир, толеранција и заштита (од 25 до 30%, од цела гимназиска популација во Републиката).

Подрачјето мир, толеранција и заштита нуди многу наслови за истражување и работа на проекти од областа на мировното образование, преку кои учениците остваруваат повеќе општи цели, како на пример:

- да промовираат култура на мирот и дејствуваат како миротворна интегрирана личност во демократските процеси на Република Македонија;
- да се оспособат за поширока комуникација, да бидат носители на трансформацијата на односите во општеството и да се залагаат против отуѓувањето, дезинтеграцијата и деградацијата од секаков облик;
- да ги сфатат демократските и универзалните вредности;
- да развиваат способност за лична, општествена одговорност, почитување и сл.;
- да се упатат во истражувачка работа на теми од дадените области со можност за изработка на проекти во сите фази од планирање до презентирање.

Во средните тригодишни стручни училишта се изучува (уште оваа година) задолжителниот наставен предмет Мир, толеранција и заштита, по Наставната програма која ја донесе министерот за образование во 2003 г. Со најновите промени во стручните тригодишни училишта од оваа учебна година нема наставен предмет, имено, мир, толеранција и заштита останува како подрачје само во слободните часови во училиштето.

Тематски приказ на Наставната програма по мир, толеранција и заштита:

- Темелни и универзални вредности (мирот како вредност, позитивен и негативен)
- Работилници за ненасилство, комуникација, соработка и разрешување конфликти
- Загрозување и ризици, превенција и заштита
- Цивилна заштита – кризен менаџмент во училиштето
- Македонија и меѓународната заедница.

Содржините произлегуваат и кореспондираат со општествените промени следејќи ги интегративните процеси во Европа и пошироко и развојот на мирот и заштитата како темелна и универзална вредност. Исто така, содржините и темите од областа на загрозувањата во современиот свет, превенција, заштита од секаков вид, лична и колективна безбедност, како и Македонија во однос на меѓународната заедница.

Разрешувањето конфликти, ненасилната комуникација се техники кои ги учат учениците, повеќе во партнерство со невладиниот сектор, како проекти.

Активностите и темите од областа на заштитата и спасувањето/цивилната заштита произлегуваат како од потребите така и од барањата на Законот за заштита и спасување („Службен весник бр. 36/04 на РМ“). Содржините и активности се во функција на запознавање на учениците со видовите загрозувања и несреќи кои можат да се случат во РМ и во светот, потоа во функција на подготовка, едукација и обука на ученикот за постапки во случај на некое загро-

зување, подигање на свеста и културата за преземање на превентивни мерки и мерки за време и по несреќи кои можат да се случат во секојдневниот живот, да си помогне себеси, на своите блиски и да ги заштити материјалните добра, содржините за темелните и универзални вредности, како и односот на РМ и меѓународните односи и организации, со кои ќе се запознаат и упатат учениците.

Слободните часови во стручните училишта е подрачје во Наставниот план каде се користат програмите и упатствата за мир, толеранција и заштита, како што се во проектните активности во гимназиите. Содржините и активностите за мировно образование во рамките на слободните часови во училиштата се доста застапени во практиката, како во областа мир, толеранција и заштита, а можат да се сретнат и во областа урбана култура, граѓанска култура или како проекти на училиштето.

Животни вештини е наставен предмет кој се реализира на класните часови, каде во наставните програми се среќаваат содржини/активности/техники за разрешување конфликти.

Вештини за живеење, изборен предмет во основното образование, тема - Заштита и спасување (12 часа).

Воннаставните активности, слободните ученички активности, активностите планирани со Годишната програма за работа на училиштата се, исто така, форми за реализација на слични активности.

Во гимназиското образование од учебната 2002/2003 година до денес, Мир, толеранција и заштита спаѓа во подрачјето проектни активности – изборна, од прва до четврта година со по 1 час неделно. Тоа значи дека учениците кои ќе изберат Мир, толеранција и заштита, реализираат само една тема за која изработуваат проект.

Во средното стручно образование, во рамките на слободните часови на училиштето од учебната 2005/2006 до денес, се нуди како изборна проектна активност.

### Некои практики за мировното образование преку проекти со невладиниот сектор

Во изминатите години Бирото за образование на Македонија, МОН, даваат поддршка на проекти и активности од невладиниот сектор и меѓународните организации кои работат во училиштата за подобрување на безбедноста, градењето на позитивна клима, за ненасилната комуникација, мировната култура кај сите чинители во воспитно-образовниот процес.

Главната цел на проектите и нивните програми се воспоставување на мир и толераниција во училиштата, со примена на техники/алатки за справување со конфликти. Воедно, програмите имаат цел да ја подигнат свеста и да придонесат за намалување на насилството во училиштата.

Програмата за мировно образование ја реализира Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, која работи со повеќе програми/теми. Нивните проектни програми се насочени кон промовирање и градење на мировната култура во училиштата, намалување на насилствата во училиштата и зајакнување на капацитетите на професорите, стручните соработници и учениците во надминување на конфликтите, учат и тренираат да ги трансформираат конфликтите по

ненасилен пат. Вклучена е група средни училишта од Републиката, кои проактивно дејствуваат и покажуваат силна мотивација да продолжат и понатаму кон одржливост на активностите, со тенденција да бидат и да пронајдат место во системот на образованието.

Програмата за мировно образование има за цел да ја подигне свеста, да придонесе кон намалување на насилството во училиштата, не само во мултиетничките средини, туку и во чистите етнички средини. Од тие причини, МОН/БРО даде поддршка на оваа Програма за мировно образование на МЕЃАШИ.

Ова е само продолжување на праксата кога БРО/МОН, исто така, ги поддржа и програмите на Форум ЗФД (Цивилен мировен сервис – германска мировна организација, 2007/2009-2015 год.) која работеше на промоција на мирот и безбедноста, насочена кон подобрување на дијалогот и климата. Од 2012 -2015 година како партнер во активностите се јавува и локалната невладина организација Тренинг центар за менаџирање на конфликти (ТСМС), потоа се вклучи со поддршка и канцеларијата на ОБСЕ, кои заедно работеа на меѓуетничките односи помеѓу учениците и наставниците во училиштата, поврзување и градење партнерства помеѓу институциите, граѓанскиот сектор и деловната заедница, работа на толеранцијата и меѓусебното разбирање, особено помеѓу младите. Заврши проектот за медијација во училиштата, насловен како „Меѓуврсничка медијација и ненасилно решавање на конфликт – учејќи и живеејќи го мирот“ во кој беа вклучени повеќе училишта од Републиката.

Активностите на програмата беа насочени кон обука на наставниците, педагозите и психолозите во училиштата, обука на учениците за примена на медијацијата и размена на искуства преку студиски посети и ученички кампови и други форми на соработка. Сите овие програми промовираат мировно образование, управување и справување со конфликти - учејќи и живеејќи го мирот. Исто така, и новата програма Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (МИОМ) и слични, даваат придонес кон националната стратегија за интегрирано образование кон остварување на лични компетенции и остварување на одредени цели за подобрување на меѓуетничките и меѓуврсничките односи на учениците, а дополнителните цели се подобрување на безбедноста, како и намалување на насилството помеѓу учениците во училиштата и создавање на позитивна, работна и пријатна клима.

Бирото во соработка со Меѓаши, исто така, организираше и тренинг со воспитувачите од ученичките домови на тема „Врсничко насилство“.

Институциите надлежни за следење, координирање во однос на релевантноста, ефективноста, ефикасноста, одржливоста и влијанието на активностите за мировно образование ќе дадат соодветни препораки за понатамошна успешна нивна реализација, увид во можностите и начините за градење на поефективни и поодржливи решенија во имплементацијата на мировното образование.

**Потреба од изучување на мировното образование**

Согледувајќи ја важноста на остварувањето на целите за мировно образование, се наметнува и потребата од воведување на временски подолготрајна програма која нуди трајни решенија за превенција, ненасилно однесување во училиштата (за разлика од програмите кои

досега како проекти често се спроведувале, но нецелосно заживеале или се неодржливи). Се наметнува потреба од институционално решение и воведување на програми/модули, насоки за задолжителна примена во училиштата.

Ова значи дека доколку се има за цел да се намалат конфликтите и да се развијат потолерантни односи во образовните институции, потребно е не само да се развиваат идеите за почитување на различностите, туку и да се развиваат модели во кои самите ученици ќе бидат рамноправни членови на колективот, општеството, преку слободата за учество, компетенции за одлучување, изразување на мислењето и прифаќањето на одговорност и слично.

Покрај основните информации за комуникација, конфликти и медијација, да ги изложиме и сознанијата за можностите на самоорганизација, здружување, дефинирање на акции и др. кои ќе им овозможат на младите самостојно да ги развиваат своите потенцијали и да ги реализираат сите свои интереси и потреби. Направени се оценки, евалуација и наоди, заклучоци и препораки, кои се добра основа за градење на стратегии и планирање на идните активности за промоција на врсничката медијација и ненасилното решавање на конфликтите во училиштата ширум земјата. Заради комплексноста на програмата и нејзината важност за подобрување/градење на ненасилната комуникација, особено во мултиетничките средини, оценката даде одговор на голем број прашања, со посебен фокус на ефектите на програмата и одржливост на решенијата.

Од досегашното искуство и работа на овие програми се наметнува потребата од продукт за изработка на методско-дидактичко помагало/насоки за наставниците, па и за учениците. Во моментот нема стручна дидактичка литература на располагање за наставниците, кои се снаоѓаат по нивно видување и избор. Всушност, се користат упатства, насоки за реализација на одредени теми кои произлегле од работилници, семинари, кои се реализирале во изминатиот период.

Материјалот треба да им помогне на наставниците кои реализираат Мир, толеранција и заштита (МТЗ) или други проектни активности од оваа проблематика, да се запознаат со поимите во мировното образование, превенцијата, заштитата, безбедноста, конфликтите, некои од можните начини/техники за надминување, разрешување, но воедно и младите да се поттикнат самостојно да ги решаваат проблемите со кои се соочуваат во секојдневната средина.

Зошто е значајно проучувањето на мировното образование?

Со проучување, едукација, обука и истражување на овие содржини, меѓудругото се овозможува ученикот да ги осознае и постојните и можните ризици и загрозувања од природен, општествен карактер, да се обучи за постапките во случај на современите закани, безбедно и конструктивно да делува во дадени ситуации, да стекне одредени знаења, ставови и да развие култура за заштита, мир и толеранција, односно да дејствува како миротворна и интегративна личност во демократските процеси на Република Македонија.

**Кои се клучните принципи на мировното образование?**

Мирот, толеранцијата и заштитата, програмските и тематските содржини се значаен аспект за идниот демократски развој, за цивилизациските и универзалните придобивки, от-

тука нужно се наметнува потребата младите луѓе – учениците да се здобијат со знаења, култура и свест за овие процеси на европската идеја и европската кооперација. Образованието за мир, толеранција и заштита – мировното образование се стреми кон современите научни достигања, современите и актуелни потреби, стекнувањето компетенции, ставови, кои преку реализирање на програмите (проектите) внесуваат содржини и активности за остварување на значајни принципи со кои се обезбедува:

- демократичност, недискриминација;
- почитување и остварување на човековите и граѓанските права;
- зацврстување на социјалната солидарност;
- зголемување на благосостојбата, што ќе резултира со обезбедување на мирот;
- јасна перспектива за иднината;
- промовирање на интеркултурно образование;
- јакнење на вештините за подобрување на знаењата;
- градење принципи за ненасилство од секаков вид;
- здрава и безбедна средина/училиште, тренирање на капацитетите и вештините за подобрување на своите знаења и разбирање на другите култури и
- соочување со постојните предизвици имплементирани во денешното општество.

Содржините се групирани и програмирани така што се усогласени според возраста, потребата, можностите и интересот на учениците, постојните состојби во општеството/опкружувањето, како и законската потреба од реализација на одредени содржини (цивилна заштита).

На овој начин се постигнуваат значајни цели во едукацијата и оспособувањето на ученикот, кој како иден граѓанин треба да биде безбеден, хумана личност со миролубиво, толерантно однесување.

Начини на организирање и реализирање на активностите

Активностите се организираат и реализираат во соработка со учениците, се договараат за типот и видот активности кои соодветствуваат со условите/приликите во самото училиште, регион, опкружување и сл.

Тие можат да бидат: работилници, кабинетски и теренски.

Кабинетските се реализираат, по правило, во училиштето, при што се користат разни наставни помагала: табла, пано, шеми кои ги опишуваат, на пример, загрозувањата (електронски, видеа/ЦД), текстови кои се основа за истражувања, дебати и дискусии, графоскоп, компјутер, работни листови, прирачна литература и сл.

Теренските активности се изведуваат по договор со учениците, по можност надвор од училиштето, со самостојно истражување на актуелната тема. Практичните активности, меѓу другото, можат да подразбираат, на пример, симулации на кризни ситуации, студија на случај и постапка при истите.

Препорачливо е да се направат симулации, студии на случај кои можат да се работат во повеќе групи, со презентации во училиштата, локалната средина или пошироко.

Да се користи информатичкиот кабинет - доколку се работат минипроекти преку интернет со други училишта од земјата или од регионот. Пожелно е да се посетат/воспостави соработка со некои институции кои се занимаваат со соодветните области итн.

Пожелно е користење на разни меѓународни документи од областа на активностите, како и истражувачките активности кои наставникот ги договара со учениците по нивен интерес.

**Можни наслови за работа на проекти во училиштата**

- Насилство, булинг, техники и начини за спречување и намалување
- Конфликти/спорови и нивна трансформација, медијација, асертивна/ненасилна комуникација
- Асоцијално, криминалното однесување на младите
- Социопатолошките појави и младите (од аспект на општествени закани и ризици)
- Зависности и нивно сузбивање: наркоманија, алкохолизам и сл.
- Препознавање на радикализмот, превенција од насилен екстремизам
- Технолошка зависност, превенција и заштита
- Трговија со луѓе, злоупотребување, насилства
- Локален или глобален тероризам
- Најголемите природни катастрофи во светот
- Земјотресите, превенција, постапки и последици
- Поплави и суша (заштита) Постои ли заштита?
- Последици и заштита од пожарите во природата
- Опасноста за РМ од нуклеарни хаварии во опкружувањето
- Опасност за градот од хемиски хаварии, контаминации
- Штетното дејство на радијацијата
- Епидемии (последици и заштита), епифитотии, епизоотии
- Загадување (од секаков вид, локално и пошироко); води (Вардар, др. реки во околината)
- Воздух – Велес, Битола, Тетово...
- Почва – Скопје, други градови во местото на живеење во Републиката
- Како да се намали бројот на сообраќајните несреќи, еколошките хаварии?

Ова се само дел од темите и содржините од Програмата за мир, толеранција и заштита, кои можат да се обработуваат како наставен предмет, но исто така, и како проектни активности или проекти за истражување во гимназиите и средните стручни училишта.

Софка Коцева долги години работи во Бирото за развој на образованието на Република Македонија, советник по мировно образование во Секторот за истражување и развој на образованието. Работи на проекти, истражувања, изготвување анализи, програми, образовни стандарди од различни области и теми.



## 5. ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ЗА МИР
## НЕМА ПРАВДА, НЕМА МИР!

***„Мирот не може да се одржи со сила, тој може да биде постигнат само со разбирање.“***
Алберт Ајнштајн

Кога ќе се спомене зборот мир, најчесто помислуваме на состојба спротивна на војна, иако во суштина мирот не значи само отсуство на секаков вид на насилство, туку и присуство на правда и безбедност во различни аспекти на живеењето.

Оксфордскиот речник го дефинира зборот „мир“ (англиски: peace) како:

1. Слобода од вознемирување; спокојство.

1.1 Ментална или емоционална смиреност.

2. Состојба или период во кој нема војна или војната е завршена.

Во дигиталниот речник на македонскиот јазик, пак покрај објаснувањата од погоре, се среќава и еден интересен пример: „Живеат во мир“ – фраза која за жал сè поретко ја слушаме во нашето опкружување, а го отсликува македонскиот контекст на живот во слога и разбирање. Од друга страна, до неодамна на нашите улици силно одекнуваше паролата „Нема правда, нема мир“, која одигра еманципаторска улога врз граѓаните во поглед на нивната еднаквост и рамноправност во системот во кој живеат, без што е невозможно да се одржи мирот, дури ни со примена на сила. И тука некаде македонското секојдневие се допира со цитатот од Ајнштајн наведен на почетокот, кој става на знаење дека мирот е нешто што постојано треба да се гради и тоа по пат на разбирање. Во продолжение, за изградба на мирот во една заедница, без разлика дали станува збор за семејство или општество во целост, потребно е сите членови на истата активно да придонесуваат за остварување на целта, да покажат свесност за себеси, но и за сите останати во заедницата.

Оттука неминовно се наметнува и прашањето: како се создаваат свесни граѓани кои критички размислуваат за животот и иднината која заеднички треба да ја изградат?

Секако, домот и семејството се првата лулка каде идните општествено активни личности се формираат, но училиштето е вториот дом во кој тие се стекнуваат со вештини и знаења кои идеално треба да им бидат од корист во реалниот свет, односно надвор од училницата. Па затоа, во зависност од тоа какво општество сакаме да создадеме, такви треба да ни бидат и училиштата.

Но, како да се гради мир во општество кое функционира како нуспроизвод на капиталистичкиот систем чиј единствен двигател е профитот знаејќи, притоа, дека војните, т.е. производството на оружје е една од најпрофитабилните индустрии? Како да очекуваме втемелени човекови вредности како емпатија, солидарност, слобода, еднаквост, правда кога постојано ни се сервира макијавелистичкиот пристап на постигнување на целта?

Како да градиме еднаквост знаејќи дека сме земја со најголема класна раслоеност во Европа, земја во која преку 180 000 граѓани живеат со помалку од 60 ден. на ден? Како да го оттргнеме влијанието на политичките партии кои ги окупираат и контролираат сите сфери на живеењето, а се перципираат како бироа за вработување во кои најмалку се значајни интелектуалните и културни вредности кои еден човек ги носи во себе?

Навидум, се чини невозможно, но решение, сепак, постои.

**ОБРАЗ-ОВА-НИ-Е**

*„Образованието е најсилното оружје кое може да го искористиме за да го промениме светот.“*
Нелсон Мандела

Образованието е процес кој го потпомага учењето, усвојувањето на знаења, вештини, вредности и навики и несомнено ќе се согласиме дека целта на образованието е да го олесни и подобри животот на сите кои се вклучуваат во тој процес. За да може да го менуваме светот во кој живееме, училиштето – најзначајната образовна институција, треба да биде насочено кон развивање на критичкото размислување и креативноста како би се создавале генерации подготвени да размислуваат самостојно, поттикнати да ја користат својата креативност во решавање на проблемите со кои се соочуваат или би се соочувале во својот живот.

Резултатите од меѓународните тестирања укажуваат дека македонскиот образовен систем е во длабока кома. Повеќе од две третини од младите во Македонија на возраст од 15 години се функционално неписмени, односно нивните стекнати вештини за читање и пишување се несоодветни за „снаоѓање во секојдневниот живот и работните задачи за кои се потребни вештини за читање, повисоки од основното ниво“. Овие алармантни податоци укажуваат дека го губиме најсилното оружје со кое би можеле да го менуваме светот и не е чудо ни случајност што не сме задоволни со квалитетот на животот и напредокот кој го постигнуваме.

Како наставник кој е вклучен во македонскиот образовен систем ќе си дозволам да оценам дека нашиот образовен систем потфрла и во поглед на едукацијата на многу важни теми кои би придонеслe за подобрување на општеството во кое живееме. Имајќи предвид дека освен образовната, училиштата вршат (или би требало да вршат) и воспитна дејност, не може, а да не се запрашаме каде затајуваме.

Ако се земат предвид сите изблици на насилство помеѓу младите, кои веќе стануваат секојдневие и за кои постојано читаме во медиумите, без разлика дали тоа насилство се случува во или вон училиштето, пропустот на воспитната компонента во образовниот процес е повеќе од очигледен.

Заклучокот сам по себе се наложува – промените се нужни и неодложни, но како до нив?

**Култура на ненасилство**

Уште во 1998 г. Генералното собрание на Обединетите нации ја прогласува првата декада од 21 век за Меѓународна декада за култура на мир и ненасилство за децата во светот. Декларацијата на ОН им дава приоритет на децата како најранлива категорија. Но, децата, односно младите, се, исто така, и носители на иднината и само преку нивна едукација и поттикнување може да се надеваме да постигнеме култура на мир и ненасилство.

Со концептот на мировното образование првпат се сретнав пред три години, благодарение на неколку млади и ентузијастични обучувач(к)и кои силно веруваат дека подобар свет е можен и несебично ги споделуваат своите знаења и вештини со сите наставници до кои можат да допрат, имајќи на ум дека наставниците се еден од главните извори на влијание врз младите

луѓе. Овој текст, всушност, е инспириран од нив и се надевам дека ќе успеам позитивното искуство да го пренесам на сите вас кои во моментов го читате ова, верувајќи дека во интерес на идните генерации, но и за нас самите, активно ќе се вклучите во градењето култура на ненасилство.

Тешко е прецизно да се дефинира што точно претставува мировното образование, но во принцип тоа промовира знаења, вештини, ставови и вредности неопходни за промени во однесувањето кои ќе им овозможат на децата и младите (секако и на возрасните) да спречуваат конфликти кои резултираат со насилство, мирно да ги разрешуваат конфликтите и да создаваат услови за градење мир на интерперсонално, интраперсонално, интергрупно, национално или интернационално ниво. Или, со други зборови, стекнување вредности, знаења, ставови, вештини и однесување за хармонично живеење со себеси, останатите и природата.

Она што најмногу ме поттикна да работам и истражувам во полето на мировното образование е дека ненасилството не значи пасивност, туку активно, конструктивно и креативно соочување со конфликтите. Работилниците на кои се стекнував со вештини за разработка на конфликтите и нивно ненасилно разрешување опфаќаат голем дел од вештините како што се: развивање на комуникација, соработка, преиспитување и рефлексија, градење вредности и ставови, соочување со емоции, предрасуди, стереотипи и различности - вештини кои, дали од недостаток на време или соодветни знаења на просветните работници, се занемаруваат во формалното образование.

Но, за мене најважно од сè е тоа што на учесниците во процесот им се остава доволно простор и време да ги искажат своите мислења и чувства, да ги чујат туѓите и да ги прифатат разликите меѓу нив оставајќи простор за поместување на почетните ставови.

Многу важно да се потенцира е дека мировното образование не нуди готови лекции кои сувопарно треба да се прифатат или готови решенија кои безусловно треба да се следат, туку овозможува безбеден простор за комуникација, споделување на искуства, учење еден од друг и развивање на креативноста и критичката мисла.

**Предрасуди, нееднаквост, неправда**

Едно истражување во 2017 г. на Универзитетот Викторија во Велингтон кое е спроведено во 36 земји, подвлекува дека нееднаквоста во општеството силно влијае врз создавањето предрасуди кај луѓето. Ако го прифатиме само фактот дека Македонија е општество со огромна класна раслоеност, лесно ќе заклучиме дека станува збор за заедница на луѓе во која предрасудите се постојано присутни и со тоа претставуваат непресушен извор на насилно однесување, последица на недостаток од вештини и разбирање на концепти како прифаќање и толеранција од една страна, но и артикулација на неправдата и активно залагање за справување со истата, од друга страна.

Мировното образование, од мое искуство, тежнее кон санација на тој проблем поттикнувајќи посветеност на принципите за мир и социјална правда, односно се спротивставува не само на директното (персонално) насилство, туку и на структурното насилство.

Во продолжение, мултикултурните општества како нашето, во кои се допираат повеќе култури, се изложени на повеќе предизвици во поглед на структурното насилство од аспект на угнетување преку идеологија, религија и слично. Оттука, потребата за прифаќање на Мировното образование како дел од образовниот процес е уште поголема затоа што не само што нуди можност за справување со конкретна неправда и разбивање на одреден стереотип, туку нуди и простор за заедничка акција на луѓе кои припаѓаат на различни култури. Еден таков конструктивен пример е и заложбата на мировните активисти за животната средина, прашање кое неминовно ги обединува сите луѓе, без разлика на различностите.

**Зошто мировно образование?**

Во услови кога младите во нашето општество се соочуваат со постојан притисок од средината во која живеат, кога наставата најчесто ја посетуваат раздвоени едни од други поради нивната етничка припадност, кога дури и највлијателните во општеството (за жал, кај нас тоа се политичарите) отворено демонстрираат брутално насилство без никаква свест за последиците, кога формалното образование е немоќно да се справи со последиците од потрошувачкото општество кое галопирачки ги искривува сите морални норми, неминовно е да работиме на култура на ненасилство и системски истата да ја воведеме во образованието. Но, зошто јас лично се залагам за мировно образование?

Затоа што мировното образование отвора горливи прашања од широката палета теми од доменот на човековите права, предрасудите, дискриминацијата, животната средина, нешта за кои не сме навикнати да дискутираме очи во очи. Затоа што мировното образование работи во насока на разрешување на конфликти по ненасилен пат детектирајќи го изворот на проблемот и елиминирајќи ги можностите за развој на посериозни ескалации. Затоа што мировното образование ја разобличува личната и политичката моќ, еманципира и ослободува. Затоа што овозможува социјална кохезија и поддршка на маргинализираните групи.

Затоа што ги мотивира учесниците отворено и без страв да ги изнесуваат своите размислувања, активно да слушаат, да градат нови светови и да ги прифаќаат различностите. Затоа што ја буди свесноста за себепочитување и почитување на другиот. Затоа што нуди вештини за преговарање, развива општествена одговорност, стимулира критичко размислување и проактивен пристап во решавањето на проблемите.

Затоа што пропагира емпатија, солидарност, еднаквост, мир и хармонија. Затоа што го подобрува квалитетот на животот.

Подобар свет е можен! Подобар свет ќе изградиме!

Образованието е на потег.

Жана Живадиновиќ работи како наставник по англиски јазик во средното економско и правно училиште на Град Скопје „Арсени Јовков“. Агитира за социјална правда, квалитетно образование и рамноправност. Има цврсти антимилитаристички убедувања и силно верува дека подобар свет е можен.



6. МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
МОЖЕ ДА БИДЕ НАЧИН НА ЖИВОТ

Гимназијата „Здравко Чочковски“/„28 Ноември“ – Дебар веќе неколку години соработува со Првата детска амбасада во светот Меѓаши во рамките на проектот Мировно образование.

Јас како училиштен психолог со скоро петгодишно искуство сум вклучена во проектот Мировно образование од самиот почеток на моето вработување.

Како двојазично училиште, а истовремено и мултиетничко, приоритет на оваа институција се добрите односи меѓу колегите и учениците од различните етнички и верски припадности.

Соживотот меѓу различните заедници во нашиот град е многу важен дел од едукацијата во семејството и во училиштето.

Дебар е град за пример кога станува збор за соживотот меѓу различните етнички и верски заедници, но ова не мора да значи дека не треба да се работи во заедницата за овие односи да се зачуваат, подобруваат и да се наследат од новите генерации.

Проектот Мировно образование ни нуди значителна поддршка за постигнување на оваа цел преку организирање на обуки за наставниот кадар вклучен во проектот и професионалната услуга, со цел постигнување и усовршување на вештините и способностите на поединците кои се вклучени да организираат и спроведуваат работилници и активности со ученици за темите за мир, почитување на човековите права, решавање на конфликтите на ненасилен начин, булингот, медијацијата во училиштето, подигање на еколошката свест итн.

Учеството на различните тренинзи во рамките на овој проект овозможува нови познанства со колеги од цела Македонија, размена на искуства и идеи со цел подобрување на односите со учениците, но и меѓу колегите.

Овие обуки ни имаат овозможено да се истражуваме себеси и другите, да се запознаеме себеси подобро, да се соочиме со минатото на нашата земја и да сме дел од градењето на поздрави ставови за заедниците за кои сме имале повеќе предрасуди отколку знаење.

Професионалната екипа која ја води оваа програма е секогаш подготвена да ни помогне и да ни даде совети, но и да не поттикнува за планираните активности да се изведуваат на време и со успех.

Во духот на мировното образование во нашето училиште се спроведени неколку работилници и активности со ученици со кои се третирани теми за човекови права, со посебен акцент на борбата за трговија со луѓе, мирот, солидарност со децата бегалци од Сирија, инклузија на децата со посебни потреби, хуманизмот и емпатијата.

Овие работилници ја поттикнуваат работата во групи со колеги, а работата во група поттикнува подобро запознавање на колегите меѓу себе, соработка, чувство на одговорност, заедничко учество и поделба на задачите, чувство за потребите, почит и прифаќање на различностите, заедничко одлучување, комуникација и доверба.

Оваа програма промовира вредности кои често ги чувствуваме како исчезнати. Разбирањето, толеранцијата, почитта и меѓусебната доверба се вредности кои овозможуваат создавање на здрави и конструктивни односи меѓу луѓето кои делат иста животна средина без оглед на етничката, верската, родовата припадност, дури и возраста.

Мировното образование може да биде начин на живот и иднина на нашите нови генерации.

Арбана Пашоли, дипломиран психолог.

Родена сум во 1981 година, во Дебар. Три години средно образование имам завршено во Дебар, а матурирав при средното училиште Елдора Њу Провиденс Хај Скул (Eldora New Providence High School) во Елдора, Ајова, САД.

Завршив студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, Институт за психологија.

Професијата училиштен психолог ја извршувам од 2014 година.

Во програмата за мировно образование на ПДАС Меѓаши сум ангажирана од почетокот на мојата професија.

Мојата работа е истовремено и моја страст.

Да работиш со млади значи да не оствариш никогаш.

# 7. ИСКУСТВА ОД СУГС „НИКОЛА КАРЕВ“

**Маја Филиповска**, наставник по англиски јазик во СУГС гимназија „Никола Карев“ - Скопје.

Јас сум креативен професионалец, мировен обучувач, тренер, медијатор, посветен наставник, ментор и подучувач. Сметам дека сум ефективен тимски работник со јаки меѓучовечки, комуникациски и мотивациски способности, способна да организира и распределува според приоритетите. Јас сум наставник со забележителни достигнувања во подучувањето и образованието, обуката, преведувањето, администрацијата и менаџментот.

Дел сум од Тимот за мировно образование од самиот почеток насочен да го воведе мировното образование во процесот на образованието како негов суштински дел, координатор на Тимот за меѓуетничка интеграција и ментор во Тимот за модел европски парламент, кој ги доближува европските вредности до учесниците во процесот на образованието.

Поборник сум за интеграција на сите, а особено на децата и младите во сите сегменти на животот, обезбедување еднакви можности за квалитетен и безбеден живот, почитување и прифаќање на различностите и негување на социјалната правда.

**Гордана Блажевска Спиридонова**

Дипломиран психолог при Институтот за психологија на УКИМ, сертифициран гешталт терапевт.

Работи како училиштен психолог во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје. Работи со млади луѓе и во работата се стреми кон обезбедување на благосостојбата на младите, почитување на потребите и стимулирање на нивниот личен развој, одговорност и капацитети за да бидат поддршка за заедницата.

Со Меѓаши е од самите почетоци на работата на мировното образование. Ужива во работата со младите - во нив да се вложува и со нив лично да се збогатува.



## ПРЕДИЗВИЦИ / МОЖНОСТИ

**Како да се започне со мировно образование во училиште во кое претходно никогаш не се употребувал овој термин?!**

**Подготовка**

- Запознавање на **вработените**, управата и наставниците, учениците, институциите и родителите со терминот, значењето и визијата на мировното образование и наоѓање начини за негово промовирање;
- Доставување на известување до родителите со опис на терминот, целите и начинот на работа со учениците;
- Информирање на **управата** на училиштето за начинот на работа, целите, видовите на активности и известување за резултатите од активностите, постирање слики на Фејсбук страницата за мировно образование во училиштето наменета за информирање на учениците и другите заинтересирани;
- **Соработка** со Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и другите училишта со покани за соработка и информации за начините на работа.

**Да се креира програма за работа која соодветствува на потребите на присутните во училиштето**

- Работа која вклучува рамноправен однос каде наставниците и учениците соработуваат и подеднакво учествуваат во подготовките и реализирањето на активностите;
- Детектирање на потребите на учениците – примена на анкети, прашалници, информативни листови.

**Да се обезбеди одржливост**

- Создавање услови за работата на мировното образование да стане дел од редовната работа во училиштето;
- Обезбедување теми и активности кои се предизвик за учениците;
- Промовирање на мировното образование, промовирање на работата на мировното образование и достапност за оние наставници кои дополнително пројавуваат интерес да се вклучат.

**Соработка со институциите и обезбедување имплементација на мировното образование во училиштето низ соработка со институциите**



# КРЕИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЕДЕН МИРОВЕН КЛУБ
# НЕКОЛКУ ДОБРИ ИСКУСТВА
## (ПРОЦЕС НА ФОРМИРАЊЕ И РАБОТА НА МК ВО СУГС „НИКОЛА КАРЕВ“ - СКОПЈЕ)

**1. Почеток**

- Формирајте група ученици кои доброволно ќе се пријават и кои се заинтересирани за овие теми. По нивното запознавање креирајте заедничка ФБ или интернет-страница за подобра комуникација и споделување, информирање на учениците околу термините за средба и запознавање со значењето на мировното образование.

*Понуда на учениците за теми од мировното образование и заеднички избор што да се работи. На овој начин уште на самиот почеток учениците се чувствуваат вклучени, што претставува особено важна компонента за добро функционирање на клубот.*

- Креирајте заедно со учениците и наставниците програма за работа со која ќе се дефинираат задачите на сите учесници во процесот - професорите едукатори, студентите едукатори (доколку има) и учениците.

- Креирајте лого и слоган на мировниот клуб.

*Нешто што ќе помогне учениците да се идентификуваат со клубот, со активностите и едни со други.*

**2. Работа на клубот – активности, работилници, соработка**

**- МОЖНИ ТЕМИ ЗА РАБОТИЛНИЦИ**

*Можни теми за работилници: тимска работа, комуникација, ненасилна комуникација, предрасуди, дискриминација, конфликти, разрешување конфликти, социјална осетливост, говор на омраза, правата на децата, медијација...*

*Организирање други активности: форум и танцов театар, флеш моб, делење мировни пораки на граѓаните на градот со новогодишни честитки или балони, пишување мировни пораки на ѕидот на мирот, учество во дебати, одбележување денови како Светскиот ден на мирот (21 септември) или Светскиот ден на човекови права(10 декември)...*

**- ОРГАНИЗИРАЊЕ ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

**Соработка со други училишта**

*Соработка со други училишта:*
*спортски натпревари без натпреварувачки карактер, форум и танцов театар, флеш моб, заеднички работилници, заеднички активности за мировен активизам, изработка на заедничка програма за работа, заеднички прослави, заеднички истражувања за ефектите од мировното образование во училиштата во кои се спроведуваат активности за мировно образование споредено со оние во кои нема, заедничка подготовка на настани на кои со креативен масовен перформанс се делува на свеста на поширокатa заедница, заеднички активности за бришење на јазикот на омраза и замена со мировни пораки низ градот, разработка на заеднички блог преку кој се делува на свеста во однос на мировното образование кај врсниците заеднички активности за бришење на јазик на омраза со замена со мировни пораки низ градот, разработка на заеднички блог преку кој се делува на свеста во однос на мировното образование кај врсниците...*

**Соработка со Првата детска амбасада Меѓаши**

*ПДАС Меѓаши овозможува различни видови тренинзи и обуки за мировно образование за професорите, менторирање, поддршка и помош во изведување активности преку ресурсите што ги има (знаења, информации и контакти, материјални ресурси итн.).*

**Учество во активности во градот**

*Учество во активности во градот, на пр., вклучување во мировен марш во градот за поддршка на вредностите и позитивните промени во заедницата.*

**3. Заокружување на годишната работа со завршна работилница**

Посета на културно-историски и верски објекти

*Начин на запознавање култури, обичаи и луѓе.*

**Организирање целодневна работилница**

*Темите се комплетирање на тоа што се работело целата година и заокружување на поставените цели.*

**Дружење низ заеднички моменти со освежување и заеднички оброк**

*Можност за дружење и запознавање во опуштена и релаксирана атмосфера.*

# СООПШТЕНИЕ

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРВАТА РАБОТИЛНИЦА НА КЛУБОТ ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ[1)]

Се известуваат сите ученици кои се пријавени за учество во Младинскиот клуб за мировно образование дека првата работилница ќе се одржи на:

12.10. – среда, во 12.30 часот за прва и трета година

12.10. – среда, во 13.00 часот за втора и четврта година

Работилниците ќе се одржуваат во кабинетот 21 . Училницата се наоѓа во подрумските простории веднаш до училницата за музичка уметност.

---

[1)] *работилниците кои се изведуваат во Програмата за мировно образование можат да имаат извори и од други проекти и програми вредносно блиски до Програмата за мировно образование, а се избираат според интересот на учениците/чките.*

## ВОВЕДНА РАБОТИЛНИЦА ЗА МЕЃУСЕБНО ЗАПОЗНАВАЊЕ И ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРОГРАМАТА НА РАБОТА НА КЛУБОТ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА МИРОВНОТО ОБАЗОВАНИЕ

| **Цели на работилницата** | **Активности** | **Време на реализација** | **Потребни материјали** |
|---|---|---|---|
| Меѓусебно запознавање на членовите на Мировниот клуб, мировните едукатори-професори и мировни младински едукатори; Запознавање на учениците членови на Младинскиот клуб со програмата на мировното образование. | **Воведен дел :**<br>Воведна активност за запознавање и загревање на групата<br>(Во реализацијата на работилницата се вклучени четворица одговорни професори и двајца студенти мировни едукатори);<br>„Кажување имиња“<br>Учесниците се делат во 3 групи и секоја група работи со еден од едукаторите. Учениците по инструкција на водачот ги кажуваат имињата со одреден гест, движење на телото со кој се претставуваат себеси. Секој од членовите има задача да го повтори името и гестот на тие што го кажале претходно.<br>Прашања:<br>1. Дали ви се допадна играта?<br>2. Што беше лесно, што тешко, што пријатно, што непријатно? | 10 мин. | |
| | **Главен дел :**<br><br>Активност :<br>Учениците од се делат во шест групи кажувајќи ги по ред броевите од 1-6, па повторно од почеток, а потоа сите единици се групираат, па сите двојки и така по ред до бројот шест. Овие шест групи добиваат инструкција да разговараат за можните значења на терминот мировно образование и што се би можело или би требало да вклучува мировното образование.<br>По некое време кога сметаат дека се исцрпени сите сознанија и идеи, водачот на групата дели однапред подготвени прашања за кои секоја група ќе изготви кратка презнтација и ќе ја претстави пред другите.<br>Заклучоците ги запишува на флипчарт-табла еден од едукаторите-водачи на групите, по што се сумираат целите на програмата за МО според групите. | 5–7 мин.<br><br>35 мин. | Претходно подготвен материјал за работа:<br>-работни листови, бели листови за заклучоците за презентациите, пенкала,<br><br>флипчарт хартија, маркери. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Завршен дел:**<br>Активност:<br>На големата бела табла се лепат листови на кои се означени/наведени некои цели и активности на Мировниот клуб и МО. На учениците поделени во групи им се делат листови со реченици кои вклучуваат опис на активности или цели во програмата за МО.<br>Учениците имаат задача да ги подредат листовите во овие групи.<br>Во активноста учествуваат сите членови на групите со лепење на своите реченици во соодветна група.<br>По ова се седнува во круг. Еден од едукаторите ја води завршната активност и преку дискусија се разговара за содветното поставувањена на целите и активностите кои ќе претставуваат програма за работа на Мировниот клуб.<br><br>Завршен круг<br>Еден од едукаторите кажува дека пред завршување на секоја работилница потребно е да се направи завршен круг во кој сите кажуваат како се чувствуваат и некој завршен коментар за работилницата во целина. | 10–15 мин<br><br>10 мин.<br><br>15 мин.<br><br>5 мин. | Претходно подготвен материјал за работа:<br>Флипчарт,<br>бела голема табла,<br><br>бели листови за заклучоците за презентациите,<br>пенкала,<br><br>флипчарт хартија,<br>маркери. |

**КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА НА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**ФОРМИРАЊЕ МЛАДИНСКИ МИРОВНИ ПАТРОЛИ**

**СЕНЗИБИЛИЗИРАЊЕ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ФОРМИТЕ НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ**

**СТЕКНУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ ВЕШТИНИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА И НЕНАСИЛНО РЕШАВАЊЕ КОНФЛИКТИ**

**КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА НА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**СОРАБОТКА СО ДРУГИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЦИ И МЛАДИ ЛУЃЕ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислите дека во училиштето е потребно учениците да се вклучуваат во младински активности? | Дали мислиш дека младите можат да придонесуваат со свое активно вклучување за подобрување на односите меѓу учениците во училиштето? | Дали мислиш дека учениците ги разликуваат различните форми на насилство во училиштето – вербално, физичко, полово, електронско, меѓуетничко? | Мислиш ли дека во училиштето е потребно на видливи места да се истакнати мировни пораки кои би помагале во развивање на култура на безбедна комуникација во училиштето? |
| Дали мислиш дека на учениците им е потребно да стекнуваат знаења и вештини за ненасилна комуникација и ненасилно решавање на конфликти? | Дали мислиш дека на учениците им е потребно да научат некои начини како да препознаат некоја претконфликтна ситуација и како да реагираат во таква ситуација? | Мислиш ли дека во нашето училиште е потребно да се креира училишна политика за нетолеранција на насилството? | Мислиш ли дека учениците од различни училишта треба да се поврзуваат меѓу себе и да соработуваат во однос на различни прашања кои на нив се однесуваат? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислите дека во училиштето е потребно учениците да се вклучуваат во младински активности? | Дали мислиш дека младите можат да придонесуваат со свое активно вклучување за подобрување на односите меѓу учениците во училиштето? | Дали мислиш дека учениците ги разликуваат различните форми на насилство во училиштето – вербално, физичко, полово, електронско, меѓуетничко? | Мислиш ли дека е потребно во училиштето на видливи места да се истакнати мировни пораки кои би го стимулирале развојот на културата на безбедна комуникација во училиштето? |
| Дали мислиш дека на учениците им е потребно да стекнуваат знаења и вештини за ненасилна комуникација и ненасилно решавање на конфликти? | Дали мислиш дека на учениците им е потребно да научат некои начини како да препознаат некоја претконфликтна ситуација и како да реагираат во таква ситуација? | Мислиш ли дека во нашето училиште е потребно да се креира училишна политика за нетолеранција на насилството? | Мислиш ли дека учениците од различни училишта треба да се поврзуваат меѓу себе и да соработуваат во однос на различни прашања кои на нив се однесуваат? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислите дека во училиштето е потребно учениците да се вклучуваат во младински активности? | Дали мислиш дека младите можат да придонесуваат со свое активно вклучување кон подобрување на односите меѓу учениците во училиштето? | Дали мислиш дека учениците ги разликуваат различните форми на насилство во училиштето – вербално, физичко, полово, електронско, меѓуетничко ? | Мислиш ли дека во училиштето е потребно на видливи места да се истакнати мировни пораки кои би го стимулирале развојот на културата на безбедна комуникација во училиштето? |
| Дали мислиш дека на учениците им е потребно да стекнуваат знаења и вештини за ненасилна комуникација и ненасилно решавање на конфликти? | Дали мислиш дека на учениците им е потребно да научат некои начини како да препознаат некоја претконфликтна ситуација и како да реагираат во таква ситуација? | Мислиш ли дека во нашето училиште е потребно да се креира училишна политика за нетолеранција на насилството? | Мислиш ли дека учениците од различни училишта треба да се поврзуваат меѓу себе и да соработуваат во однос на различни прашања кои на нив се однесуваат? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислите дека во училиштето е потребно учениците да се вклучуваат во младински активности? | Дали мислиш дека младите можат да придонесуваат со своето активно вклучување за подобрување на односите меѓу учениците во училиштето? | Дали мислиш дека учениците ги разликуваат различните форми на насилство во училиштето – вербално, физичко, полово, електронско, меѓуетничко? | Мислиш ли дека во училиштето е потребно на видливи места да се истакнати мировни пораки кои би помагале во развивање на култура на безбедна комуникација во училиштето? |
| Дали мислиш дека на учениците им е потребно да стекнуваат знаења и вештини за ненасилна комуникација и ненасилно решавање на конфликти? | Дали мислиш дека на учениците им е потребно да научат некои начини како да препознаат некоја претконфликтна ситуација и како да реагираат во таква ситуација? | Мислиш ли дека во нашето училиште е потребно да се креира училишна политика за нетолеранција на насилството? | Мислиш ли дека учениците од различни училишта треба да се поврзуваат меѓу себе и да соработуваат во однос на различни прашања кои на нив се однесуваат? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислите дека во училиштето е потребно учениците да се вклучуваат во младински активности? | Дали мислиш дека младите можат да придонесуваат со своето активно вклучување за подобрување на односите меѓу учениците во училиштето? | Дали мислиш дека учениците ги разликуваат различните форми на насилство во училиштето – вербално, физичко, полово, електронско, меѓуетничко? | Мислиш ли дека во училиштето е потребно на видливи места да се истакнати мировни пораки кои би го стимулирале развојот на културата на безбедна комуникација во училиштето? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислиш дека на учениците им е потребно да стекнуваат знаења и вештини и за ненасилна комуникација и ненасилно решавање на конфликти? | Дали мислиш дека на учениците им е потребно да научат некои начини како да препознаат некоја претконфликтна ситуација и како да реагираат во таква ситуација? | Мислиш ли дека во нашето училиште е потребно да се креира училишна политика за нетолеранција на насилството? | Мислиш ли дека учениците од различни училишта треба да се поврзуваат меѓу себе и да соработуваат во однос на различни прашања кои на нив се однесуваат? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислите дека во училиштето е потребно учениците да се вклучуваат во младински активности? | Дали мислиш дека младите можат да придонесуваат со своето активно вклучување за подобрување на односите меѓу учениците во училиштето? | Дали мислиш дека учениците ги разликуваат различните форми на насилство во училиштето – вербално, физичко, полово, електронско, меѓуетничко? | Мислиш ли дека е потребно во училиштето на видливи места да се истакнати мировни пораки кои би го помагале развојот на културата на безбедна комуникација во училиштето? |
| Дали мислиш дека на учениците им е потребно да стекнуваат знаења и вештини за ненасилна комуникација и ненасилно решавање на конфликти? | Дали мислиш дека на учениците им е потребно да научат некои начини како да препознаат некоја претконфликтна ситуација и како да реагираат во таква ситуација? | Мислиш ли дека во нашето училиште е потребно да се креира училишна политика за нетолеранција на насилството? | Мислиш ли дека учениците од различни училишта треба да се поврзуваат меѓу себе и да соработуваат во однос на различни прашања кои на нив се однесуваат? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали мислите дека во училиштето е потребно учениците да се вклучуваат во младински активности? | Дали мислиш дека младите можат да придонесуваат со свое активно вклучување за подобрување на односите меѓу учениците во училиштето? | Дали мислиш дека учениците ги разликуваат различните форми на насилство во училиштето – вербално, физичко, полово, електронско, меѓуетничко? | Мислиш ли дека е потребно во училиштето на видливи места да се истакнати мировни пораки кои би го помагале развојот на културата на безбедна комуникација во училиштето? |
| Дали мислиш дека на учениците им е потребно да стекнуваат знаења и вештини за ненасилна комуникација и ненасилно решавање на конфликти? | Дали мислиш дека на учениците им е потребно да научат некои начини како да препознаат некоја претконфликтна ситуација и како да реагираат во таква ситуација? | Мислиш ли дека во нашето училиште е потребно да се креира училишна политика за нетолеранција на насилството? | Мислиш ли дека учениците од различни училишта треба да се поврзуваат меѓу себе и да соработуваат во однос на различни прашања кои на нив се однесуваат? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Подобро дружење отколку расправија“ | Облици на насилство и карактеристики на одделните облици на насилство | Начини на манифестирање на насилно однесуваење | Ученик се потсмева на соученик додека тој/таа одговара на час |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Една ученичка ѝ се заканува на друга ученичка преку СМС-порака дека ќе ја чека со другарки пред училиште и ќе ја „скршат од ќотек“ | Развивање на способности за конструктивна реакција на насилството и учење на ненасилни алтернативи за реакција на насилството | Развивање на способност да се задржи својот став и одолее во услови на притисок на средината и врсниците кон несоодветни постапки | Развивање на способноста да се разбере ставот и состојбата на другите – „низ очите на другиот“ |
| Развивање на вештини на комуникација-препознавање на јазикот на неслушање и неприфаќање; усвојување на добри комуникациски техники | Разбирање на конфликтите со цел поефикасно нивно разрешување | Разбирање на улогата, правата и одговорностите на младите во општеството, заедницата и училиштето | „Како јасно да кажеме ‘НЕ’ на насилството?“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Не ја врти главата на друга страна кога си сведок на малтретирање од страна на еден ученик/ученичка врз друг ученик/ученичка“ | Соработката е „послатка“ од расправијата | Развивање на позитивен пристап на конфликтите | Соочување со грешките и вината, но во дух на свесност за позицијата на „другиот“ и разбирање за болката и изгубеното од конфликтот |
| Конфликтот постои и е составен дел од животот | Пример за „активно слушање“ – соговорникот покажува дека му/ѝ е важно да ве слушне – посветува време и внимание | „Подготвување на децата за одговорен живот во една демократска заедница во духот на разбирањето, толеранцијата, мирот, еднаквоста на полови, пријателството меѓу народите и почитувањето на природната средина“ | Детето има право на живот, право на име по раѓање, право да ги знае своите родители, да биде чувано од своите родители, право на образование, на слободно изразување на своето мислење, на слобода на дружење, право на заштита од мешање во неговата/нејзината приватност... |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Подобро дружење, отколку расправија“ | Облици на насилство и карактеристики на одделните облици на насилство | Начини на манифестирање на насилно однесување | Ученик се потсмева на соученик/соученичка додека тој/таа одговара на час |
| Една ученичка ѝ се заканува на друга ученичка преку СМС-порака дека ќе ја чека со другарки пред училиште и ќе ја „скршат од ќотек“ | Развивање на способности за конструктивна реакција на насилството и учење на ненасилни алтернативи за реакција на насилството | Развивање на способност да се задржи својот став и одолее во услови на притисок на средината и врсниците кон несоодветни постапки | Развивање на способноста да се разбере ставот и состојбата на другите „низ очите на другиот“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развивање на вештини на комуникација – препознавање на јазикот на неслушање и неприфаќање; усвојување на добри комуникациски техники | Разбирање на конфликтите со цел поефикасно нивно разрешување | Разбирање на улогата, правата и одговорностите на младите во општеството, заедницата и училиштето | „Како јасно да кажеме 'НЕ' на насилството?“ |
| Не ја врти главата на друга страна кога си сведок на малтретирање од страна на еден ученик/ученичка врз друг ученик/ученичка | Соработката е „послатка“ од расправијата | Развивање позитивен пристап на конфликтите | Соочување со грешките и вината, но во духот на свесност за позицијата на „другиот“ и разбирање за болката и изгубеното од конфликтот |
| Конфликтот постои и е составен дел од животот | Пример за „активно слушање“ – соговорникот покажува дека му/ѝ е важно да ве слушне – посветува време и внимание | „Подготвување на децата за одговорен живот во една демократска заедница во духот на разбирањето, толеранцијта, мирот, еднаквоста на полови, пријателството меѓу народите и почитувањето на природната средина“ | Детето има право на живот, право на име по раѓање, право да ги знае своите родители, да биде чувано од своите родители, право на образование, на слободно изразување на своето мислење, на слобода на дружење, право на заштита од мешање во неговата/нејзината приватност... |
| Соработката е „послатка“ од расправијата | Развивање позитивен пристап на конфликтите | Соочување со грешките и вината, но во духот на свесност за позицијата на „другиот“ и разбирање за болката и изгубеното од конфликтот | Активно ги објаснувам своите идеи и исто толку активно се трудам да ги разберам другите |
| Активно ги објаснувам своите идеи и исто толку активно се трудам да ги разберам другите | Активно ги објаснувам своите идеи и исто толку активно се трудам да ги разберам другите | Активно ги објаснувам своите идеи и исто толку активно се трудам да ги разберам другите | Не ја врти главата на друга страна кога си сведок на малтретирање од страна на еден ученик/ученичка врз друг ученик/ученичка |
| Не ја врти главата на друга страна кога си сведок на малтретирање од страна на еден ученик/ученичка врз друг ученик/ученичка | Не ја врти главата на друга страна кога си сведок на малтретирање од страна на еден ученик/ученичка врз друг ученик/ученичка | | |

## Работилница „Комуникација и асертивна комуникација“

### Цели на работилницата и активностите:

- препознавање на основните облици на комуникација - вербална, невербална и паравербална;
- запознавање со облиците на ефективна комуникација;
- учениците да се свесни за двете страни во дијалогот и за динамичноста на разговорот;
- учениците да научат да комуницираат и да се поврзуваат со другите на задоволувачки начин за двете страни во комуникацијата;
- учениците да ги разликуваат „затворените прашања“ од отворениот тип прашања;
- да стекнат знаење како да ги употребуваат отворените прашања и да дојдат до корисни информации;
- да развиваат вештини за збогатување на комуникацијата.

**Активност за загревање – Круг на конверзација**

Учениците се поредени во круг и добиваат инструкција да дознаат неколку интересни работи за својот соговорник од левата страна. Секој треба да дознае нешто само за соговорникот од лево. Потоа се делат во парови со црно/бело и се дава истата инструкција.

**Воведна активност 1.** Презентирање видеоклип со ЛЦД-проектор – Облици на неефективна комуникација, сцена од филмот „Добриот Вил Хантинг“.

**Дискусија** – прашања кои им се поставуваат на учениците за вежбата и содржината на двата видео клипа:

- Како се чувствувавте за време на вежбата?
- Како изгледа кога некому се обраќаш, а те игнорира?
- Дали разбирањето на добрата причина за нечија постапка ни помага да се чувствуваме помалку лошо?
- Колку често во комуникација со другите ни се случува нешто слично – да не бидеме вистински „чуени“ и вистински разбрани?
- Како се чувствуваме тогаш?
- Дали некогаш нас нѐ обвиниле дека така комуницираме?

**Сцени од филм** – на учениците им се посочуваат сцени од видеоклипот и се поставуваат прашања:

- Какви облици на комуникација постојат?
  (на учениците им се посочува дека 40% при комуникацијата пораката се праќа паравербално, 40% невербално, само 10% има вербална комуникација)

- Како се одвиваше вербалната комуникација?
- Како се одвиваше невербалната/телесниот говор?
- Што забележавте од паравербалната комуникација?

**Главна активност 1. „Слушам – не слушам“**

Со броевите 1 и 2 учениците се делат во 2 групи. Столчињата се местат во 2 круга – внатрешен и надворешен. Групата 1 седнува во внатрешниот круг, а групата 2 во надворешниот.

Групата Б добива инструкции да раскажува за некоја ситуација што им се случила неодамна.

Групата А добива инструкции да менува стратегии на слушање:

3. Да го слуша соговорникот, но со сите невербални знаци да го прави спротивното – да се врти, да гледа надолу, да гледа настрана, да изгледа како да мисли на нешто друго и сл.
4. Да слуша и само да молчи.
5. Да слуша, да одговара и да дава фидбек.

**Дискусија:**

- Како се чувствувавте кога другите се прават дека ве слушаат, но не со полно внимание?
- Како се чувствувавте кога разговаравте со соговорник кој се преправа дека ве слуша, но изгледа како воопшто да не му е грижа за вас?
- Дали можете да се потсетите на секојдневни реални ситуации кога вака постапувате при разговор и со кого?

**Главна активност 2. „Отворени и затворени прашања“**

Работа во групи по тројца – два учесника и посматрач, на 2 мин. се менуваат улогите, секој да ја игра секоја улога. Учесниците А и Б добиваат раб. листови во кои се опишани како изгледаат ти-исказите и јас-исказите. Набљудувачот добива лист на кој е опишан еден проблем кој треба да се реши со употреба на јас-исказите и ти-исказите.

**Дискусија:**

- Како помина вежбата?
- Како е полесно да се расправа, со ти-исказите или со јас-исказите?
- Што кажуваме со ти-исказите, а што со јас-исказите?
- Како се чувствувавте кога ги користевте ти-исказите, како кога ги користевте јас-исказите?
- Колку често користите јас-искази во Вашиот живот?

## РАБОТИЛНИЦА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## ИЗВОРИ И ВИДОВИ КОНФЛИКТИ

**Цели:**

- разбирање на природата на конфликтите;
- увид во причините кои можат да доведат до конфликт;
- разбирање на начинот на делување на факторите: потреби, вредности, ресурси и нивно загрозување при појава на конфликт;
- разбирање и разликување на поимите функционални и нефункционални конфликти.

**Игра за загревање - „Јазол“**

Учениците се делат во 2 групи кои се поделени со именување со броевите 1 и 2. Им се задава задача да се приближат блиску едни до други и да ги фатат рацете на некој од групата, само не на соучениците лево и десно од нив. Потоа се задава инструкција да се рашират без да ги испуштат рацете и да се обидат да го отплеткаат јазолот без пуштање на рацете.

**Вежба: Бреинсторминг – конфликт асоцијации**

На листови на табла за презентации (флипчарт) се запишуваат сите термини кои учениците ги кажуваат.

**Воведна активност: Барометар**

Учениците се делат во групи според боја, се делат во 5 групи во зависност од големината на групата. На учениците им се делат изјави кои ги поставуваат на одредено место во просторот меѓу тврдењата „се согласувам“ и „не се согласувам“, по што се развива дискусија за ставовите и заземените позиции.

**Активност 1.**

Учениците се делат во 4 или 5 групи во зависност од големината на групата. Им се делат работните листови Извори и видови на конфликти со инструкција да се поврзат понудените видови на конфликти со прикажаните категории на конфликти.

По завршувањето на воведната активност секоја група го изнесува заклучокот со придружна дискусија за поврзување на материјалот со искуствата од секојдневниот живот на учениците.

Учениците се водат со прашања кои ги составува модераторот на активноста за донесување на заклучоци како ги препознаваме изворите на конфликти и какви сѐ конфликти можат да се креираат.

**Главна активност**

Учениците во истите групи добиваат листови со описи на конфликтни ситуации кои ги составува водителот на работилницата.

**Дискусија**

1. Кои конфликти ги препознавате?
2. Можеме ли да ги поврземе и именуваме конфликтите од претходно понудената листата?
3. Кој бил вклучен во овие конфликтни ситуации?
4. Кој е најлошиот исход од овие конфликти?
5. Како поинаку би можеле да постапат страните вклучени во конфликтот?

**Игровна активност: Лулашка – игра на доверба**

Членовите се делат во 3 групи (1, 2, 3). Се дава инструкција: два члена се отстрана и еден во средина, двете лица од страна го нишаат внимателно лицето во средина кое е со затворени очи. Се менуваат по пола минута сите 3 лица во двете улоги.

**РАБОТЕН ЛИСТ 1. - Видови конфликти**

**Интерперсонални конфликти –** се конфликти кои се случуваат меѓу поединци, произлегуваат низ и се манифестираат во релациите на пр. меѓу две пријателки, родител – дете, брат – сестра, ученик – наставник, претпоставен – подреден...

**Интергрупни конфликти** се оние конфликти кои се јавуваат меѓу групи со различна големина и формирани по различни основи. Во групи се вбројуваат – семејствата, работните организации и различни други формални и неформални организации, потесни и пошироки заедници, етнички групи, држави, народи, раси итн.

**Интрагрупни конфликти** се конфликти меѓу припадници на помали групи и по правило ги вклучуваат сите припадници на групата, на пр. во семејството (потесно и пошироко), спортски екипи/тимови, работни групи, различни комисии, одбори и сл.

**Видови конфликти**

**Структурален конфликт** – ова е конфликт кој произлегува од самата структура во една група која е поставена со одредени цели, на пр. структура во односите како што е хиерархијата и односот надреден« -»подреден, структура на времето (точност и доцнење), структура на правила или на одговорности и улоги на поединците во групата, нееднаква контрола на ресурси.

Структуралниот конфликт често води кон структурално насилство.

**Деструктивни конфликти** се оние конфликти каде постои недостаток на информации, континуирано присутна тензија, тежнеење кон компетитивност со намера да се надвладее или контролира другата страна, проследено со недоверба, а не ретко е присутно и насилство.

**Конструктивни конфликти** се позитивни конфликти кои и покрај почетните разидувања пружаат шанса за расчистување на односите и можност да се менуваат и развиваат вклучените страни, да учат едни од други, да ги унапредуваат односите, да се запознаваат себеси подобро, да учат да ги почитуваат разликите, да се учат на кооперативност и соработка.

**Видови конфликти**

**Конфликти на интереси** – овие конфликти подразбираат интереси од различен вид – потреби, желби, емоции, материјални интереси, интереси врзани за позиција.

**Конфликт на вредности** – подразбира конфликти кога луѓето имаат несогласувања околу тоа што е добро, а што е лошо, што погрешно и што е исправно, што е чесно да се направи, а што е нечесно. Ваквите конфликти се особено тешки кога се случуваат меѓу луѓе или групи со различни системи на вредности или верувања, а при тоа и двете страни силно се борат да го наметнат својот систем на вредности над системот на вредности на страната вклучена во конфликтот.

**Конфликт на информации** е конфликт кој произлегува од недостиг на адекватна комуникација или постоење на дезинформации – погрешни, стари, лажни, неточни, несигурни информации. При ваквите конфликти избива на виделина различното вреднување на значајноста на информациите или различна интерпретација на податоците, а понекогаш и нееднаков пристап на процедурите.

**Работен лист – Тврдења за барометар**

- Лошо е да имаш судир со некого
- Кога интересите се спротивставени, судирите не можат да се решат
- Моќта го одредува решението за судирот
- И жртвата е одговорна за судирот колку и предизвикувачот
- Конфликтите се негативни по природа
- Во секој конфликт мора да има еден што ќе почне
- Најмногу конфликти имаме со оние кои најмногу ни значат
- Конфликтите треба да се избегнуваат
- При конфликт пожелно е да се покажуваат чувствата
- Во секој конфликт едната страна мора да изгуби
- Од конфликтот не можеш да излезеш со самопочитување
- Расправијата ги расчистува проблемите
- Решението на секој судир мора да содржи компромис
- Во војната и љубовта сѐ е дозволено
- Расправијата може да се реши само кога едната страна ќе попушти
- Судирот на мислења е потребен и корисен
- Во конфликт сите страни се подеднакво одговорни
- Жртвата не е одговорна колку што е предизвикувачот

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРЕТА РАБОТИЛНИЦА СО МЛАДИНСКИОТ МИРОВЕН КЛУБ СО ТЕМА ,,СОЦИЈАЛНА ОСЕТЛИВОСТ“**

| **Цели на работилницата** | **Активности** | **Време на реализација** | **Потребни материјали** |
|---|---|---|---|
| | **Активност за загревање -игра:**<br>„Пингвини и пеликани“<br><br>Учесниците се заедно во еден голем круг. Еден од учесниците е **„пеликан“**, а останатите се **„пингвини“**. Едукаторот со рацете покажува како пеликанот ќе ги голта пингвините и ги претвора во пеликани. Се движи со крупни чекори. Потоа покажува како се движат пингвините со ситни чекори со нозете доближени една до друга (како вистинските пингвини), рацете му се поставени долж телото, а дланките свртени нанадвор. Пеликанот ги брка пингвините и кога ќе ги фати се претвораат во пеликани. Истото го повторуваат и новите пеликани сѐ додека не остане ниту еден пингвин.<br>Ова може да се продискутира со прашањето: Како посилните и помоќните ги менуваат ставовите и мислењето на послабите? | 3–5 мин.<br><br>10 мин. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Свесност за тоа како се доживуваат ограничените можности; развивање чувство на емпатија кон оние што немаат еднакви можности;<br>свесност како луѓето се раѓаат со исти потенцијали, еднаквост во правата и достоинството, но заради различни фактори, потполно или недоволно ги остваруваат своите потенцијали.<br>Можност да се разберат околностите заради кои најчесто се случува тоа (околностите во општеството, некоја несакана болест, различното потеклото, социјалниот статус на родителите, роднините).<br>– можност да се направи разлика каква е нашата и општествената осетливост или неосетливост кон оние на кои им треба помош, поткрепа, за разлика од оние кои одат напред кон успеси;<br>– свесност за реалноста или нереалноста во нашето општество – колку ние сите се грижиме за другите и сме свесни за нивните чувства, за нивната немоќ, чувството на социјална изолација, навреди, етикетирање...<br><br>– поврзување со реални животни ситуации и можност за нивна проценка; | **Главна активност 1.**<br>**Подготовка**<br>Работните листови се сечат на картички и се умножуваат во потребниот број (на десниот крај од секоја картичка стои број кој кажува во колку примероци треба да се умножат кога групата брои 20 ученици). Доколку бројот на учесници е поголем, треба да се зголеми и бројот на примероци за секоја картичка, но притоа да се сочува соодносот меѓу потребните картички кои сочинуваат едно купче. Потоа картичките се распоредуваат во пет купчиња (според бројот со кој се означени од левата страна на картичката).<br>Сите застануваат на една линија (стартна позиција) зад која има напред и назад доволно празен простор. Се објаснува дека тоа е почетната линија на секој од нас како рамноправно човечко суштество обдарено со сите права и слободи предвидени во меѓународните акти. Секој влече по една картичка (животни ситуации) од секое купче. Добиваат инструкција дека треба целосно да заборават на својот идентитет, внимателно да го прочитаат она што пишува на нивната картичка и да се концентрираат на доделената улога и таа личност (целосно да се соживеат со улогата). Добиваат упатство дека ќе треба да се движат напред – назад или да останат на истото место според дадените искази што ги чита едукаторот и упатството како да се движат. (Се нагласува дека упатството за движење напишано на секоја картичка не смее да го видат другите учесници.)<br>Кога ќе се прочитаат исказите и откако ќе дојдат до крајот на училницата, децата седнуваат во круг.<br>**Дискусија :**<br>Потоа со учениците се дискутира со поставување на следните прашања:<br>Како се чувствуваа оние кои дојдоа до „врвот“? Како се чувствувавте додека „грабавте“ напред, а другите заостануваа зад вас?<br>Како се чувствуваа оние кои дојдоа до „дното“ или блиску до него? Како се чувствувавте додека другите бегаа напред, а ви стоевте во место?<br>На што се однесува стартната линија?<br>Како се рефлектира социјалната положба врз можостите за уживање на правата?<br>Дали треба да се задоволиме со ваква состојба?<br>Дали во вакви ситуации треба нешто да се направи?<br>Како треба да се постави заедницата за да се сменат работите? | <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>7–10 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>15 мин. | <br><br>Работни листови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Главна активност 2.**<br>**Барометар**<br>Едукаторот ги чита изјавите. Учениците се редат според определбите:  сосема се согласуваат, до некаде се согласуваат, до некаде не се согласуваат или не се согласуваат во потполност.<br><br>**Дискусија:**<br>Дали сега знаеме нешто повеќе за социјалната осетливост?<br>Кои фактори делуваат?<br>Дали сме свесни за реалната состојба за разликите во правото на еднакви можности?<br>Дали сме свесни за тоа дали и колку се грижиме за остварување на правата за еднакви можности на сите?<br>Дали и колку се трудиме да придонесеме за промена на состојбата?<br>Дали некогаш сме размислувале за овие прашања?<br>Дали сметаме дека можеме и ние, како дел од заедницата, да направиме нешто? | 10 мин.<br><br><br>10 мин. | |
| | **Завршен дел:**<br>Учениците се заедно во кругот и водачот нуди можност на секој да даде краток фидбек за тоа како се чувствувал за време на траењето на работилницата. | 10 мин. | |

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Роден/а си во добро ситуирано семејство, со сопствена куќа и двајца вработени родители. | **4** |
| **1** | Роден/а си во средно ситуирано семејство, со еден вработен родител и сопствен помал стан. | **10** |
| **1** | Роден/а си во сиромашно семејство, со родители без постојано вработување и без сопствен стан. | **6** |
| **2** | Роден/а си со добро здравје, без потешки заболувања во текот на детството. | **13** |
| **2** | Роден/а си со нежно здравје и неколку потешки заболувања во детството. | **5** |
| **2** | Роден/а си со пречки во развојот (физички хендикеп). | **2** |
| **3** | По завршувањето на школувањето веднаш најде работа. | **4** |
| **3** | По завршувањето на школувањето најде работа во разумен рок. | **7** |
| **3** | По завршувањето на школувањето не можеше да најдеш работа подолго време. | **9** |
| **4** | Роден/а си во планинско село. | **3** |
| **4** | Роден/а си во низинско село. | **4** |
| **4** | Роден/а си во помал град во внатрешноста. | **7** |
| **4** | Роден/а си во главниот град на државата. | **6** |
| **5** | Имаш примања што ги задоволуваат сите твои желби и желбите на членовите на твоето семејство. | **2** |
| **5** | Имаш примања кои ги задоволуваат твоите и потребите на твоето семејство. | **4** |
| **5** | Имаш примања кои не ги задоволуваат твоите и потребите на твоето семејство. | **14** |

| |
|---|
| Роден/а си во добро ситуирано семејство, со сопствена куќа и двајца вработени родители. **ДВА ЧЕКОРИ НАПРЕД** |
| Роден/а си во средно ситуирано семејство (со еден вработен родител и сопствен помал стан). **ОСТАНУВАШ НА ИСТО МЕСТО** |
| Роден/а си во сиромашно семејство со родители без постојано вработување и без сопствен стан. **ЕДЕН ЧЕКОР НАЗАД** |
| Роден/а си со добро здравје, без потешки заболувања во текот на детството. **ЕДЕН ЧЕКОР НАПРЕД** |
| Роден/а си со нежно здравје и неколку потешки заболувања во детството. **ОСТАНУВАШ НА ИСТО МЕСТО** |
| Роден/а си со пречки во развојот (физички хендикеп). **ЕДЕН ЧЕКОР НАЗАД** |
| По завршувањето на школувањето веднаш најде работа. **ЕДЕН ЧЕКОР НАПРЕД** |
| По завршувањето на школувањето најде работа во разумен рок. **ОСТАНУВАШ НА ИСТО МЕСТО** |
| По завршувањето на школувањето не можеше да најдеш работа подолго време. **ЕДЕН ЧЕКОР НАЗАД** |
| Роден/а си во планинско село. **ДВА ЧЕКОРИ НАЗАД** |
| Роден/а си во низинско село. **ЕДЕН ЧЕКОР НАЗАД** |
| Роден/а си во помал град во внатрешноста. **ОСТАНУВАШ НА ИСТО МЕСТО** |
| Роден/а си во главниот град на државата. **ЕДЕН ЧЕКОР НАПРЕД** |
| Имаш примања што ги задоволуваат сите твои желби и желбите на членовите на твоето семејство. **ТРИ ЧЕКОРИ НАПРЕД** |
| Имаш примања кои ги задоволуваат твоите и потребите на твоето семејство. **ЕДЕН ЧЕКОР НАПРЕД** |
| Имаш примања кои не ги задоволуваат твоите и потребите на твоето семејство. **ЕДЕН ЧЕКОР НАЗАД** |

| |
|---|
| **Стартната линија ги покажува потенцијалите со кои се раѓаме.** |
| **Ние сите се раѓаме еднакви во правата и достоинството.** |
| **Во текот на животот има многу фактори кои влијаат на полното или недоволното остварување на нашите потенцијали.** |
| **Економската и социјалната положба на секоја индивидуа се менува во текот на животот од различни причини.** |
| **Поради својата неповолна социјална положба некои дури „отпаѓаат“ од животната игра или пак не се во можност да ги развијат во целост своите потенцијали.** |
| **Ситуацијата на нееднаквост во однос на социјалната положба треба да биде поттик за државата, но и за различни организации, како и за заедницата да дејствуваат во насока на ублажување на неповолностите за оние кои немаат еднакви можности за развој и за уживање на правдата.** |
| **Ние сите се раѓаме еднакви во правата и достоинството.** |
| **Секој има право на еднакви можности и еднаков третман.** |
| **Некои луѓе се предодредени да имаат сè, додека некои не заслужуваат да имаат.** |
| **Луѓето треба да се делат според социјалниот статус.** |
| **Луѓето треба да се делат според нивните потенцијали, знаење, вештини и заложби.** |
| **Секој има право на образование, социјална сигурност, здравствена заштита.** |
| **Сите треба да мислиме и на останатите и колку тие нè следат во реализацијата на нашите потенцијали.** |
| **Сите треба постојано да сме свесни за состојбите што нè опкружуваат и за она што се случува околу нас во однос на социјалните разлики, етикетирањето на другите, грижата за останатите, заедничката желба сите секогаш да имаме исти права и исти можности.** |



*Горан Божичевиќ*

## 8. РЕЧНИК НА МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

*Објаснето од мировен учител со дваесет и четиригодишноискуство во постјугословенските земји и пошироко.*

**Воведна напомена 1**. Ако го читате овој текст како тоа да се зададени дефиниции, вратете се на почетокот, пропуштете три круга и дури тогаш фрлете коцка повторно. Ако овој текст ве поттикне на критичко промислување и сами за себе почнете да ги запишувате значењата на овие поими, скокнете десет полиња нанапред.

**Воведна напомена 2**. Сите поими се објаснети воопштено во контекст на мировното образование и мировната работа. Намерата на авторот не ги опфаќа универзалните значења во други контексти.

# А

**Активизам** – активно залагање за општо добро. Го карактеризира доброволност, лична вредносна мотивираност и отсуство на адекватен материјален надомест. За нашата политичка култура (поточно за нејзиниот недостаток) активизмот најлесно може да се сфати како спротивен на вообичаената резигнираност – Ништо не може да се направи. Тоа го нема никаде.

Џабе се обидуваш.

Граѓанинот е основната единка на демократското општество. Властите го сведуваат само на гласач кој само на избори ја искажува својата политичност. Граѓанскиот активизам вклучува систем на вредности, јасни цели, здружување и делување за општи интереси.

Активно граѓанство – нужен дел на развиената политичка култура во демократските општества. Тоа не ги редуцира граѓаните на гласачи или поддржувачи на одредени политички опции.

Активното граѓанство од граѓаните очекува да се произнесат за одлуките кои се важни за нив, а особено за оние кои не им се допаѓаат. АГ подразбира слободен пристап до информации, истражувачко новинарство и медиумски плурализам (намерно не зборуваме за независно новинарство, туку за можност граѓаните да се информираат од различни извори), слобода на здружување и дејствување и одреден достигнат стандард на живеење – вработување, соодветна плата. Во сиромаштија е тешко да се зборува за активно граѓанство, повеќе можеме да зборуваме за различни нивоа и начини на искажување на бунт.

**Активно слушање** – вештина, свесен напор да слушнеме, да разбереме што ни кажува соговорничката. Вклучува и говор на тело, пред сѐ гледање во очи, мимика и гестикулации со кои покажуваме дека сме присутни и дека внимателно слушаме, како и поставување потпрашања (На што точно мислиш кога велиш дека тоа не е добро?; Како се чувствуваш тогаш?) и парафразирање по потреба, ако ни е важно да провериме дали добро сме разбрале (ти ми велиш дека и покрај вашите два писмени договори и три средби во живо на кои сте се договориле да соработувате на подготовка на концертот, тие вам веќе воопшто не ви се јавиле). Активното слушање е веројатно клучна, темелна вештина на секоја мировна работа. Тоа ни помага да ги разбереме, не само фактичките информации, туку и чувствата, потребите, мотивите на соговорниците или другите за кои станува збор. Има две важни особини на активно слушање:

1. тоа бара концентрација, го користиме во важни разговори, договори и средби со луѓе кои не ги познаваме или со кои имаме различни ставови, вредности и со кои недоразбирањето е многу веројатно. Не е нужно да се користи во секој опуштен разговор, иако со време ќе ја увидиме вредноста и сè почесто и поприродно ќе го применуваме;
2. тоа од нас не бара да се согласиме со она што го слушаме. Сосредоточени сме да слушнеме и да разбереме, но не и да го потврдиме нашето согласување со слушнатото.

## Б

**Бојкот** – организирано или спонтано изостанување на очекуваното: дејствување, купување, посета, доаѓање. Бојкотот треба да се разликува од санкциите затоа што бојкотите најчесто се спонтани, врзани за емоции и одлуки на самите граѓани. Санкциите ги носат институциите и ретко или никогаш не доведуваат до посакуваните резултати. Бојкотот може да биде ефикасен, праќа јасна порака дека не сакаме да поддржуваме одредено однесување, не бара долги процедури и усогласување. Недостатоците на бојкотот се поврзани со нереалност на очекувањата – колкав број на граѓани навистина ќе ги разберат причините, ќе се вклучат, имаат ли алтернатива? Бојкотот може да биде краткотраен и долготраен, трае додека причините кои довеле до бојкот не се променат. Може да е масовен или индивидуален, кој на крајот сепак доведува до масовност. Иако не го нарекуваме со тоа име, многумина од нас бојкотираат одредени производи, јавни места, јавни настани кои не се во согласност со нашиот систем на вредности, а ни се достапни и понудени; ние сме им целна група.

Треба да се разликува избор од бојкот затоа што при изборот се водиме од посакуваните квалитети на некој производ, настан, лице, додека кај бојкотот постоечките квалитети ќе бидат жртвувани заради нам неприфатливи особини: искористување (злоупотреба) на детската сила или на работниците, неприфатливи и опасни политички ставови, говор на омраза.

Не можеме да бојкотираме производи и услуги кои не ни се допаѓаат или не ни се достапни, се работи за свесно одрекување од она што нам ни е потребно и од она што го посакуваме, заради повисоки етички причини.

## Г

**Градење мир**[1)] – јакнење и зајакнување на ненасилната општествена инфраструктура за да можат да се искористат на најдобар начин внатрешните и надворешните ресурси за воспоставување на стабилен мир[2)].

---

1) *http://www.cms.hr/hr/mirovni-studiji/osnovni-pojmovi-mirovnih-studija*
2) *Дефиниција на John Paul Lederach*

Сите процеси и активности кои го водат општеството од состојба на примирје во состојба на стабилен мир[3].

Градењето на мир се разликува од мировната работа (сфатена воопштено); се разликува по тоа што тоа се одвива во подрачјата зафатени со војна или некој друг вооружен конфликт и каде се сериозно нарушени односите помеѓу непријателите или помеѓу бившите непријатели. Крајната цел на градењето на мир е помирувањето, општествена состојба во која веќе не постои опасност од насилен конфликт помеѓу бившите непријатели и каде сите можни причини за тој или сличен насилен конфликт се отстранети. Но, тоа не значи дека во таквото општество престанува да има потреба за мировна работа, градење и одржување на општество без насилство, дискриминација, неправда.

Градењето на мир е релативно нов концепт, воведен дури од 1992 година во речникот на ОН.

Денес се смета за еден од клучните пристапи во изградбата и закрепнувањето на повоените општества. Вклучува цела палета на активности насочени кон изградба на државни институции, владеење на правото, политичка култура, цивилно општество, реинтеграција на воените ветерани, враќање на протераните, репарација на жртвите, судења за воени злосторства и соочување со минатото.

## Д

**Дебата** – популарен начин на разговор којшто почна да се применува со развојот на повеќепартискиот систем, за релевантни општествени теми, особено меѓу средношколските ученици и студентската популација. Дебатата ја развива вештината на говорништвото, аргументацијата, јасноста во изразувањето, чувството за време и публика. Цел на дебатата е да се убеди другата страна и публиката дека нашите аргументи се појаки, поуверливи. Така гледано, дебатите имаат смисла, помагаат во согледување на проблемите од различни агли, артикулирање на аргументи и противаргументи. Од перспектива на мировното образование, покрај сите тие корисни особини, дебатата ги има и оние помалку посакуваните. Крајниот исход на дебатата по правило се сфаќа како „победа“ што пак подразбира дека ќе има и „пораз“ односно „поразени“. Повеќе внимание се посветува на ефектите, на моќта на убедување, отколку на силината на самите аргументи и анализата на нивните исходи. Дебатата се заснова на тоа дека сме „ние“ во право и тешко прифаќа дека „ние“ можеби и не сме во право, односно го врзува тоа за одмерување на моќта на говорникот, но не и на вредноста на аргументите. Најголемата забелешка на дебатата доаѓа од позиција на најважната мировна алатка: а) активното слушање

– вистинска желба да се слушне соговорникот; б) поставување прашања кои би ни помогнале подобро да ја разбереме аргументацијата на говорникот. Во дебатата прашањата се насочени да покажат дека соговорникот не е во право, а не кон тоа да ни ги појаснат неговите

[3] *Дефиниција од Колегиумот за градење мир на Мировните студии во Загреб*

аргументи. Затоа дебатата, особено ако е стварна, а не е вежба, е многу проблематична во комуникацијата помеѓу различни општествени групи и поединци.

**Дијалог** – основен модел на комуникација меѓу поединци и групи со различни ставови и вредности во политички или разни други светогледи. Преку дијалогот настојуваме да го слушнеме соговорникот и да ја разбереме неговата мотивација и неговите потреби. Тоа не значи дека треба или дека мора да ги прифатиме, но пожелно е да ги разбереме и да сфатиме од каде доаѓаат. Основата на дијалогот е активното слушање, свесен и насочен напор да се слушне и да се разбере другата страна. Дијалогот подразбира дека двете или сите страни ќе користат активно слушање. Дијалогот не е насочен кон заеднички договор или заклучок, туку кон зголемување на разбирањето меѓу страните кои имаат несогласувања или отворен конфликт.

**Директна акција** – јасно насочено делување на поединци и групи против изворот на дискриминација, опасност за луѓето или околината, сторители на казнени дела против кого не се преземаат други (соодветни) мерки. За разлика од протестот, таа е детално испланирана, причините и целите им се јасни на сите вклучени, и се важни и прифатливи. Предвидена е и вклучена медиумска покриеност. По правило зборуваме за ненасилни директни акции, акции кои немаат намера да повредат живи суштества или да направат материјална штета на општите добра. За ваквите акции карактеристично е дека може да дојде до реакција на полицијата и важно е да се предвидат можните последици (апсење, притвор, испитување) за кои треба однапред да се испланира ненасилна стратегија за справување со нив. Како и кај протестите, но во многу помала мерка (затоа што сите вклучени се познаваат и поминале заеднички подготовки) постои можност од вметнување на поединци кои се склони на насилство, било да се тоа провокатори или не. Затоа е важно јасното дистанцирање од насилството и планови за справување со ситуации во кои е можно да дојде до насилство.

**Дискриминација** – разликување на лице или лица и поинаков однос кон него/нив на основа на одредени идентитетски особини кои немаат врска со конкретната ситуација. Не е дискриминација забраната за влез во јавни објекти на (очигледно) алкохолизирани лица, неможност за запишување на студии заради лоши резултати на приемниот испит или неприфаќање на работници кои ги немаат пропишаните/бараните квалификации. Но, забраните на основа на верска, политичка, етничка, сексуална ориентација секако се дискриминативни. Денес се раширени индиректни, скриени облици на дискриминација, но, исто така, има институции на кои можеме да им се обратиме. Не треба да се меша секоја забрана или неостварено право со дискриминацијата, туку да се провери дали причините имаат врска со одредена лична особина која е непосакувана.

## Ж

**Жртва** – Има многу дефиниции за овој важен и многу осетлив поим и секое отстапување од нив нѐ води во ризик на дополнителен конфликт, повредување. Во мировен контекст важно е да се имаат на ум две нешта. Прво: жртвата одредува дали над неа е извршено насилство или

не. Иако е можеби поточно да се каже дека за тоа е надлежен судот или некој друг независен и компетентен арбитер, не е секогаш така. Особено не во секојдневните ситуации. Да се гушне друга особа може да биде чин на другарство, пријателство, почитување, љубов. Но, може да биде и израз на надмоќ, контрола, закана, притисок, понижување, доколку така гушнатата индивидуа – жртвата – се почувствува. Иако перцепциите се дијаметрално различни, не е на „насилникот" да проценува (тој/таа има право да се брани, оправда), но чувството на непријатност, на насилство, предизвикан кај другото лице мора да се уважи. Второ, секоја квалитетна трансформација на конфликти, а особено градењето на мир, мора да вклучи сатисфакција за жртвата. Постојат низа механизми за репарација, компензација и други обесштетувања.

Често се заборава дека на жртвите им е најважно човечкото признание дека страдале, дека тоа некој, кој ним им е важен, го препознал (властите, заедницата, државата) и да се работи на тоа тие прашања да не бидат обезвреднети, заборавени, ниту да им се повторат ним или на некој друг. Иако е релативно вкоренето мислењето дека жртвите се тие кои бараат одмазда, во пракса тоа не е така. Тие бараат признание за своите страдања и гаранција дека тоа нема да се повтори. Исто така, и извинување од сторителите или нивно соодветно казнување.

Тука доаѓаме до поимите ретрибуциска и ресторативна правда.

## И

**Идентитети** – начин на кој/како гледаме на себеси и се поврзуваме со другите (слични) луѓе и како другите нѐ категоризираат. Прашањата: Кој сум? Каде припаѓам? - се меѓу темелните прашања кои секој од нас си ги поставува. Во мировното образование сакаме луѓето да имаат промислени одговори на нив. Не ни се толку важни самите одговори, туку колку лицето навистина размислувало за нив и колку се тие условени од очекувањата на околината. Во Западниот Балкан (и во другите транзициски општества со неразрешени конфликти) идентитетот најчесто се врзува со етничката/националната припадност, верата, брачната состојба, возраста, професијата. Тоа не е нужно, ни добро ни лошо, но ни зборува за низата на општествени улоги преку кои се претставуваме на другите додека самите себе се сокриваме.

Претставување со, на пример, „Македонец, православен верник, оженет, татко на две деца, вработен" се смета „во ред", но пораката зад така наредени идентитети е потенцијално проблематична од мировен (превенција на насилство и дискриминација) агол на гледање. Тоа значи дека таквото претставување ќе се смета за општествено прифатливо, но тоа ни зборува многу малку за самата личност. Лица со такви особини има неколку стотини илјади и доколку е точно дека тие особини се најважни, значи дека се живее во многу унифицирани општества во кои различноста на поединецот не е пожелна.

Во мировната работа ги охрабруваме луѓето да ги препознаат и да ги истакнат своите идентитети кои ги одредуваат, кои им се важни, по кои се разликуваат од масата на други луѓе, особено ако истакнеме некои, како на пример, гурман, свирам гитара, горд татко, обожавател на боза, навивач на „Барселона".

Идентитетите се важни во мировното образование затоа што нивното промислување ги ослободува луѓето да се дистанцираат од „припадниците на колективот“ и така да ја освојуваат сопствената единственост, при што се почитува уникатноста, различноста на другите. Помалку се инсистира на сличности, униформност, послушност - нужните предуслови за ескалација на насилството.

## К

**Конфликт** – непријатна состојба/ситуација (внатрешна) на личноста, помеѓу две или повеќе индивидуи, групи на луѓе или поголеми заедници, каде што се присутни незадоволени интереси и/или потреби, а „другата страна“ се гледа како кривец за таквата состојба. Конфликтот кај нас се перципира како нешто многу негативно, непосакувано, лошо. Тоа што е лошо е насилството во конфликтот, а бидејќи живееме во општества оптоварени со војни и сеќавања на нив, насилството го има насекаде, како во сеќавањата, така и во секојдневните односи.

Често не размислуваме дека животот без конфликти и не е (вистински) живот. Конфликти имаме најмногу со луѓето кои ни се блиски и важни. Конфликтите и начините на кои се носиме со нив ни помагаат да зајакнеме, да го продлабочиме односот со другите или дури и да го прекинеме. Конфликтите се, заради својот емоционален, енергетски, па така и насилен потенцијал, „идеални“ за манипулација со луѓето од страна на лошите политики. Освестувањето дека нè туркаат во конфликт со луѓе а) кои не ги познаваме; б) кои имаат исти или слични проблеми како и ние; в) заради цели кои не ни се кажуваат, кои ни се наметнуваат како важни и без алтернативи, иако тие секогаш постојат, во голема мерка ги намалува шансите за вооружен конфликт, војна.

Види: Трансформација на конфликти.

## М

**Мир** – „состојба на општеството во која луѓето се грижат за потребите на другите луѓе“. Тоа е еден од поимите кои „не треба да се објаснуваат“ и најчесто се дефинира со отсуство на војна.

Малку попрецизно е да се каже дека е тоа состојба на општеството во кое луѓето живеат задоволно и без закана за војна. Вообичаено, неговото значење доаѓа (во голема мера) од христијанската традиција и се однесува на вечен мир, почивање во мир, мир со вас. Тие значења нè водат во погрешна насока ако терминот го применуваме за човечка заедница, општество. Под мир НЕ мислиме на општество во кое нема конфликти и сите живеат во хармонија, благосостојба и среќа. Конфликтите се неизбежен дел од човековото живеење, на секоја човечка заедница. Не ни сметаат конфликтите, туку насилството во нив. Во мирот немаме вооружени конфликти, но имаме низа други, кои се трансформираат ненасилно.

Вообичаена е и дистинкцијата на Негативен и Позитивен мир, според норвешкиот теоретичар Јохан Галтунг. Негативен мир претставува просто отсуство на насилство, вооружен конфликт, војна. Позитивниот мир вклучува обновување на односите помеѓу спротивставените страни, воспоставување на општествен систем кој им служи на сите во заедницата, како и конструктивно (ненасилно) решавање на општествените конфликти. Често го нарекуваме стабилен и одржлив мир.

**Мировно образование** – Многу малку луѓе би знаеле да ви кажат точно што мислат под овој поим. Меѓу другите, тие кои се бават со мирот (што и да значи тоа) нема да чувствуваат потреба да го дефинираат „затоа што знаат што е тоа"; тие кои се бават со образование ќе бидат збунети, останатите главно не знаат за што станува збор.

Мировното образование има две карактеристики кои го издвојуваат од останатите видови образование:

1. тоа многу зависи од средината во која се учи и поучува;
2. начинот на поучување ја изразува самата суштина, смислата на образованието.

Тоа значи дека сѐ она што предизвикува, директно или индиректно, разни облици на неправди и/или насилство во некое општество, спаѓа во фокусот на мировното образование. Притоа е важно освестувањето на ситуацијата во која се живее, а исто така, и на начинот на кој го правиме тоа освестување – партиципативно, искуствено, соработувајќи. Мировното образование, пред сѐ, зајакнува, поттикнува на делување, а низ самиот однос наставник - ученик се негува моќта на соработката со намера ученикот да го надмине учителот. Мировното образование е помош и олеснување за сите вклучени во процесот на учење и поучување затоа што, ако не е, тогаш тоа не е мировно образование. Тоа не е предмет, особено не е „еден од" или „за оценка", туку е начин на воспитување и образување на одговорни граѓани за што помалку насилно и поправедно општество.

**Моќ** – способност да направиме промена или да се спротивставиме на некоја промена. Има различни видови на моќ, а во мировната работа ни е важна дистинкцијата помеѓу „моќ со" / моќта на/од соработката и „моќ над"/„моќта на доминацијата". Учесниците на мировните програми неретко имаат негативно мислење за моќта, што е дополнителна причина да ги запознаеме со моќта на соработката, поддршката, поттикнувањето на животот.

## Н

**Насилство** – напад на/негирање на достоинството и правото на живот на некое живо суштество. Физичкото насилство ни го загрозува самиот живот и заради тоа ни е најпрепознатливо.

Но, постои и цела друга палета на други видови насилство кои поголемиот дел од луѓето не ги ни подразбира под поимот „насилство".

Структурното насилство е еден од најважните поими во мировната работа. Многумина не се свесни за него, а малкумина го изучуваме во целост. Како поим го воведува Јохан Галтунг во

1969 година. Опфаќа низа на вградени механизми, однесувања, идеологии, прописи, односи кои дискриминираат одредени или сите општествени групи, им го скратуваат задоволувањето на потребите и предизвикуваат зголемена смртност, инвалидност, невработеност, бездомништво, безнадежност. Во него спаѓаат сите видови на дискриминација, расизам, родова нерамноправност, недостапност на образование или негово занемарување, како и отсуство на соодветна здравствена нега и заштита. Структурното и физичкото насилство се преклопуваат, па така имаме и семејно насилство, насилство на работа, полициско насилство, тероризам, злосторства од омраза, државно насилство и војна. Во мировното образование е клучно да се поучува, открива и укажува на структурното насилство, затоа што со неговото отстранување, со неговото намалување директно се зголемува квалитетот на животот на сите и се намалуваат шансите за секое физичко насилство.

Културното насилство настојува да го оправда структурното насилство. Во него ги вбројуваме воспитувањето со насилни обрасци, казнувањето (ќотекот е излезен од рајот), исмејувањето на послабите, поинаквите, обвинувањето на жртвите (што правеше надвор толку доцна?), патријархатот (славење кога ќе се роди син, а не кога ќе се роди ќерка), расистички, националистички, сексистички вицеви.

Тоа е подло затоа што го сметаме како „дел од нашата традиција“, а не можеме директно да го согледаме поттикнувањето на другите видови насилства, напади на интегритетот на другите луѓе и живи битија кои произлегуваат од него.

**Ненасилство** – Секој кој се занимава со мировна работа во кој и да е облик ќе го користи во разговор и пишани текстови овој поим. Многу мал број од тие луѓе ќе го практикува во својот живот. И затоа неговата дефиниција не е важна. Ненасилството е став кон животот, наш избор дали ќе вложиме максимален напор да не сме насилни и да го спречуваме насилството. Има цела низа други дефиниции, особено поврзани со Махатма Ганди и поимот Ахимса (санскрит – अहिंसा, ahiṁsā - ненасилство) е традиционално етичко начело на индиската филозофија која забранува повредување на живите суштества и подразбира одрекување од насилство во кој и да е облик (ментално, физичко, вербално и слично). По правило, вклучува пацифизам и вегетаријанство[4].

Колку што е важно самите да го живееме ненасилството, толку е важно во својата работа, особено во мировната да се прашаме:

1. вклучува ли таа какво било насилство (можеби некој соработува под притисок, можеби некого не сме го вклучиле заради нашите предрасуди, можеби се сите машки, а нема жени...)
2. како нашата работа го спречува насилството?

**Ненасилна акција** – „Во ненасилните акции не се нанесуваат никакви повреди на своите политички противници или на другите (лица, групи...). Ако оштетувањата на некој имот се неизбежни, тогаш треба да бидат ограничени и да се внимава соработниците на акцијата да ја преземат одговорноста за своите дела. Анонимната саботажа не е облик на ненасилна акција.

[4] *Wikipedia.*

Ненасилната акција не смее да ја попречува работата на службите кои се важни за спасување животи, ниту да спречи делење на добра важни за живот[5]."

Силата на ненасилната акција е токму во тоа видливо одрекување да се дојде до целта со насилни средства. Таа е често или по правило драматична кога се исцрпени сите други достапни легални средства и бара добра подготовка, договорено комуницирање, почитување на противниците (тоа не значи и одобрување на нивните постапки), одрекување од насилството кое може да се појавува за време на спроведувањето на акцијата.

# О

**Одговорност** – многу важен, а малку промислен поим, кој често се толкува погрешно. Одговорен ученик е оној кој редовно ги пишува своите домашни задачи, е вообичаен пример, но не и нужно точен. Можеби се работи за послушност, за желба за афирмација, страв од казна, љубов кон предметот, но не и нужно за одговорност. Таа ги поврзува однесувањето на единката и заедницата, свеста дека како дел од поголем колектив одговараме/поврзани сме со делата и на другите членови на тој колектив, особено кога станува збор за исклучително штетни, злосторнички акти.

Одговорноста ја поврзуваме во контекст на насилства, конфликти, војни. Често се меша со поимот вина, која е поконкретна. Во војна само одредени луѓе се виновни, т.е. се сторители на насилство, но мнозинството се одговорни. Кога се работи за меѓуетнички конфликти, виновници се оние кои се директно вклучени или нивните поттикнувачи, но одговорни се сите припадници на етничката група/нација која се поврзува со насилството. „Јас со тоа немам никаква врска" е изјава која за лицето кое ја изговорило има смисла, но не мора да има за лицето кое ги поврзува чинот на насилство/неправда со нацијата на сторителот.

Во мировната работа ги освестуваме тие идентитетски врски. Сите кои тврдат дека им е важно да се на пример Хрвати, па и оние останатите, кои другите ги препознаваат како Хрвати, имаат врска – соодговорни се за злосторствата кои се врзуваат за Хрватите. Затоа е важно да се дистанцираме, да се превенираме од злосторствата и/или да ги осудиме, процесуираме, да ги изолираме и да ги поврземе со конкретни поединци или помали групи, за колективот да остане неизвалкан од нив. Доколку тоа пропуштиме да го направиме („јас немам врска со тоа") целата етничка заедница го носи товарот на конкретниот злочин.

**Општествена правда** – Кога во општеството а) сите имаат еднаков пристап до општествените и природните ресурси кои постојат и кои се доволни за потребите на сите членови; б) судскиот систем е усогласен и независен; в) малцинствата, особено ранливите групи, се заштитени; г) не постои дискриминација или постојат многу развиени механизми за нејзино воочување и превенција-можеме да зборуваме дека постои општествена правда. Самиот поим правда е еден од клучните поими на мировното образование.

---

[5] *Според Theodor Ebert цитиран од www.rand.hr*

**Општествената промена** или ненасилната општествена промена е насочена кон постоечката дискриминација, неправдата, искористувањето на луѓето или ресурсите преку некоја прифатлива мерка, намалувањето или укинувањето на културното и структурното насилство, однесувањето кон одредени вредности во општеството. Во мировната работа под тој поим исклучиво ги подразбираме сите облици на промена кои го редуцираат насилството и го почитуваат достоинството на живот, како и човековите права и сите меѓународни конвенции поврзани со нив и заштитата на животната околина.

## П

**Помирување** – Генерално нема консензус за тоа што претставува и како се доаѓа до него. Се смета и дека изразот „стручњак за помирување" е оксиморон и сите кои го изучуваат се пазат од таквото етикетирање. Се смета дека тоа е лична работа на секоја индивидуа, но, исто така, дека е нужна улога во секое општество и држава за да може после евентуална војна помирувањето да биде забрзано и остварено во мерка во која е можно.

Помирување нема насила и набрзина, се работи истовремено и за процесот и за целите, а вклучува барем три нивоа: соочување со (мрачното) минато, одржување на односи со бившите непријатели во сегашноста и изградба на заедничка иднина.

Погрешно е да се смета дека најголемите жртви се спротивставуваат на помирувањето, напротив, токму луѓето кои ги изгубиле најмилите често знаат да зборуваат или да работат на тоа злото и омразата да запрат. Простувањето е врзано за помирувањето, додека инсистирањето на извинување од другата страна како нужен услов, зборува повеќе за нашата неспремност за помирување, отколку за таа „друга страна".

**Потреби** – она без што не можеме да живееме достоинствено и здраво како реализирана личност. Постои општа хиерархија на потреби според Маслов и тие се многу јасно објаснети во психологијата. Во мировната работа важно е да не заборавиме дека во мир луѓето можат и имаат можности да ги задоволуваат своите потреби, од основните до оние највисоките – за самоостварување, додека во војна нашето задоволување на потребите се редуцира на основните – се настојува да се преживее. Состојбата во која на некои луѓе им се забранува пристап до образование, здравство, донесување на политички одлуки и слично, не може да се нарече мир. Мировната работа во голема мерка е залагање за тоа сите луѓе да ги имаат задоволено своите потреби, што е голем предизвик во светот каде што стотици милиони луѓе немаат вода, а камоли да се самореализираат преку своите таленти.

Проблем во самата мировна работа е насоченоста на задоволување на потребите на другите.

Доколку не ги вклучиме луѓето на кои сакаме да им помогнеме во донесувањето на одлуки за она што навистина им е потребно, по кој редослед и во каков облик, може да настане штета.

Исто така, што не е редок случај, штета може да настане доколку ги занемариме сопствените потреби.

Ненасилство го сметаме оној пристап кон животот и другите според кој работиме на задоволување на сопствените потреби, но и на потребите на другите. За наши услови и за насилна култура тоа е доста радикален пристап – нè учат дека е во ред, дури и посакувано, на нашите непријатели, противници и, воопшто, на другите потребите да им бидат незадоволени.

**Предрасуди** – чекорот од стереотипите кон дискриминација. Додека стереотипи имаме сите и самите тие по себе не се штетни, дискриминацијата е лоша, насилна, системски ги загрозува човековите права. Предрасудите се значи, измеѓу, не се безопасни, но не се нужно и штетни.

Важно е да бидеме свесни дека сите ги имаме и секогаш да се прашуваме колку, како и кога влијаат на нашето однесување и што ќе преземеме за однапред да не донесуваме суд за луѓе и ситуации кои не ни се познати.

**Правда** – начин на зачувување на основните вредности во општеството, првенствено заради добросостојбата на сите негови членови. Кога ниту тие вредности не се јасни или кога се контрадикторни, кога недостасува општествен консензус, тогаш расте чувството дека во општеството нема правда. Чувството дека постои правда придонесува за јасно согледување на смислата на животот и со тоа спроведувањето на правдата станува важен инструмент на владеењето. Постојат два поими со кои правдата е постојано во конфликтен сооднос: а) право б) мир. Додека правдата се однесува на внатрешното доживување на поединци или групи дека општествениот живот е уреден и дека се сите припадници заштитени, правото е првенствено низа на пишани и непишани правила кои имаат за цел спроведување на правдата. Тие правила се спроведуваат релативно лесно, но чувството на правда неретко изостанува.

Дихотомијата мир или правда се јавува кај секој вооружен конфликт. Додека „мирот“ означува посакуван крај на војната и можност за „нормално“ живеење, „правдата“ означува соодветен однос кон оние кои се виновни или одговорни за војната и злосторствата. Во пракса се случува токму „виновниците“ да имаат моќ да ја запрат војната и дилемата изгледа нерешлива, или мир или правда, не може и двете. Сè повеќе се сфаќа дека се работи за лажна дилема и дека нема (траен) мир без правда, ниту правдата може да се достигне без мир.

Во мировното образование наидуваме и на поими како **ретрибутивна правда** која е насочена на сторителите и нивно казнување. Таа е дел од нашата традиција и се поврзува со полицијата, судот, затворите, дури и со смртна казна. Се покажува дека: а) голем дел од сторителите после големи конфликти, војни, едноставно не можат да бидат процесуирани (ги има премногу, и низа други причини); б) осудувањето на сторителите не носи задоволување на жртвите (примерот на Меѓународниот казнен трибунал за бивша Југославија, ICTY во Хаг); в) осудувањето и затворањето ја зголемува стапката на криминал, а не ја решава.

Сè повеќе се воведува поимот **ресторативна правда** која во фокус ја има жртвата и обновувањето на односите во заедницата. Иако изгледа и понекогаш навистина е тешка да се изведе, ресторативната правда, особено при насилството во училиштата, во соседствата и помеѓу младите има сè повеќе поборници. Клучно е прашањето: што треба да се направи за жртвата да се чувствува задоволена, да не ги втурнеме сторителите во понатамошен криминал и „да

ги спасиме“ за заедницата, и заедницата да помогне и на едните и на другите да продолжат полноправно да учествуваат во понатамошниот нејзин живот?

## Р

**Работилница** – во мировното образование означува место за средба на бројни учесници / учеснички и водител(и) за време на работењето на некоја тема. За работилницата не е нужно водителот/водителката да има експертиза за самата тема, поважно е да знае како учесниците/учесничките да ги ангажира во процес кој им е смислен, низ кој учат и се зајакнуваат за работа на темата, проблемот. Работилничката работа се нарекува искуствена и партиципативна, а најдобро водење е кога оние кои ја водат, ја водат преку соработка и ги поттикнуваат и зајакнуваат учесниците сами, заедно да го обликуваат процесот во насока на зададената цел.

Оптималниот број на учесници на работилниците е помеѓу 10 и 16, а најчесто ги има дваесетина. Осетно поголемите групи бараат поделба на помали групи и помош во водењето. Водењето во парови, особено женско-машки е посакувано, посебно во патријархални средини, а и самата соработка на водителите им пренесува јасна порака на учесниците. Авторот на овие редови водел работилници со најмал број од 6 луѓе, до преку 300.

**Различноста** – веројатно најмалку промислен, а најмногу употребуван термин во мировната работа. Често се вели дека „сите сме различни“ и дека „различноста нѐ збогатува“ и тоа се зема здраво за готово. Ако ги земеме наведените тврдења како вистинити (барем за авторот на овој текст се) прашање е од каде толку отпор кон различностите, толку насилни конфликти заради неа: Тешко е да се објасни различноста без однос со поимите мир и војна. Во мир разликите цветаат, во војна драстично се редуцираат: во однесувањата, изгледот, размислувањата, комуницирањето, изборите, дејствата.

Во мировната работа е важно да обратиме внимание на: а) право на различност, нејзино јавно манифестирање; б) перцепцијата на различноста од страна на другите и причини за можни насилни реакции.

Различноста може да го плаши другиот затоа што тој/таа не ги разбира (туѓиот јазик, обичаи, начин на облекување, изразување емоции...). Вообичаено е да се смета дека со меѓусебно запознавање разликите ќе ја намалат опасноста од можно насилство (на пример, посета на ученици на црква или на џамија). Тоа е (делумно) точно, но не е доволно. Доколку ја занемариме емотивната страна, стравот и зачуденоста, згрозувањето, доколку не работиме на подлабоките причини кои ја одбиваат или не ја разбираат различноста, тогаш малку сме направиле. Луѓето кои се сигурни во своите идентитети, немаат проблем со разликите. Вистинскиот православен верник го прифаќа постоењето на исламот како начин на однос кон Бога. И обратно. Затоа „чекорот кон другиот“ е добар и важен, но „чекорот кон себе“ е барем исто толку потребен.

**Род и пол** – Полот ни го одредуваат хромозомите и даден ни е од раѓање, родот е општествено условен. Во нашите култури се подразбира јасна поделба/одвоеност на машко/женско.

Секое отстапување се санкционира повеќе или помалку насилно. Разликувањето на полот и родот ни отвора цел спектар на идентитети кои не се „јасно“, односно традиционално сфатени како машки или женски. Иако навидум јасното дефинирање на половите, а со тоа и на родот, само по себе го „олеснува“ животот, тоа не е така. Традиционалните улоги се менуваат, се сфаќа нужноста за отворање на јавен и политички простор, до неодамна затворен за жените. Секоја индивидуа во себе има помалку или повеќе особини или карактеристики кои традиционално му се припишуваат на спротивниот пол. Нивното потиснување, непризнавање, осудување е чин на насилство кон самата личност, кон целосноста на нејзиното постоење. Притисокот од мешавината на тие идентитети да се изразат и да се изјаснат како јасни М или Ж – ја осиромашува, ја ускратува самата заедница, општеството.

## С

**Солидарност** – споделување на своите ресурси со другите, особено ако ни се ресурсите мали, без барање на услуги од другата страна. Така дефинирана, солидарноста не се вклопува во капиталистичкиот начин на размислување, каде сѐ има цена и каде се развива цела индустрија на помагање. Солидарноста и не мора да има врска со пари или со давање на нешто, едноставно понекогаш се подразбира да ги повикаме оние на кои им е потребно да ги користат нашите уреди, опрема, автомобили, нашите ресурси и/или капацитети. Солидарноста така станува поим кој излегува од сферата на „хуманитарното“ и станува субверзивна кон насилните обрасци, експлоатацијата, користењето на „моќта над“; таа е длабоко мировен поим кој содржи и сочувство кон другиот, гради односи на соработка кои се основа за изградбата на мирот.

**Соработка** – заедничко, доброволно, усогласено делување на повеќе актери. Односите на моќ при соработка се подеднакви или барем точно опишани и испочитувани. Соработката е највисок облик на трансформација на конфликти. При соработка се води сметка за задоволување на потребите на сите вклучени страни. Конфликтите при соработувањето се правило, а не исклучок, заради разликите на актерите, нивните капацитети, поимања на комуникацијата, притисоци од рокови, изненадни ситуации и низа внатрешни и надворешни ситуации. Нужно е да се предвиди начинот на однесување и односот со конфликтите, однапред да се договорат механизмите за превенирање, забележување, активен однос. Помага доколку се предвиди заеднички прифатлив медијатор, „трета“ страна која ќе помогне за поквалитетна комуникација кога кризата/конфликтот ќе избие. Соработката често се зема „здраво за готово“, се потценува комплексноста на квалитетното меѓусебно комуницирање, споделување информации, разликите во однесувањето на партнерите во кризни ситуации. Не може доволно да се нагласи колку е важна соработката во мировниот контекст. Таа гради односи помеѓу вклучените страни, а со тоа и во заедницата и општеството. Затоа и се вели: каде има соработка, таму се гради мир.

Соочување со минатото – Нов концепт, од крајот на XX век. Најпознатата меѓународна организација која се занимава со тоа е основана во 2001 година – Меѓународниот центар за тран-

зициска правда (https://www.ictj.org). Соочувањето е, сепак, поширок поим од транзициската правда и ги вклучува сите оние процеси и активности со кои ги раскринкуваме, разоткриваме, спознаваме, информираме, ги истражуваме оние случувања од минатото и вршиме превенција од нивното оптеретувачко, деструктивно влијание на сегашноста и иднината. Општ факт е дека после војна никој не сака да зборува за своите злосторства и неправди, а се преувеличуваат оние кои се направени над нас и нашите.

СМ е еден од оние мировни механизми/алати со кои ја симнуваме стигмата од колективот, именувајќи ги конкретните виновници, го проучуваме контекстот и наоѓаме задоволување за жртвите. Властите и општествата не сакаат работа на СМ затоа што ги прикажува во полошо светло од тоа како тие се гледаат себеси и токму затоа се работи за потребна и исцелувачка работа нужна за процесите на помирување и достигнување на одржлив мир. За илустрација можеби е прикладно мотото кое своевремено го користеше Фондацијата Мартин Лутер Кинг:

Ние ги вознемируваме оние кои не се вознемирени, а ги тешиме оние кои се“ (We disturb the comfort ones and we comfort the disturbed ones) или она на белградски Пешчаник: „Ако ви е добро, тогаш ништо“.

## Т

**Толеранција** – свесен избор дека ќе поднесуваме нешто (кое) што:

- не ни се допаѓа;
- на кое можеме да влијаеме.

Нема смисла да зборуваме, на пример, дека ја „толерираме климата“ затоа што на неа не можеме да влијаеме или дека го „толерираме хеви металот или турбофолк музиката“ ако таа ни се допаѓа. Толеранцијата е многу важна затоа што да се живее во нетолерантно опкружување може да биде вистински кошмар. Како и да е, толеранцијата не е гаранција дека нема да дојде до насилство. Многу толерантни луѓе се спремни да се приклучат на повикот за борба, војна или да учествуваат во насилни протести ако се повикани од авторитети или ако ситуацијата им е сервирана од медиумите како нужна, обврзувачка. Непослушноста е многу поголема гаранција дека нема да дојде до вооружено насилство, отколку толеранцијата.

**Трансформација на конфликти** – образовен/научен/практичен пристап кон конфликтите. Се базира на уверувањата дека: а) конфликтите се дел од секојдневниот живот; б) дека тие се можност за подобрување на квалитетот на односите, но и истовремено опасност заради потенцијалот за насилство. Основниот постулат се сведува на „биди внимателна со личноста, а остра со проблемот[6)]“. Прифатено е да се зборува за разрешување на конфликти[7)], така што постојат цели оддели на универзитети по светот кои се бават со тоа. Ние сме повеќе склони да го користиме терминот трансформација на конфликти и со тоа нагласуваме дека вклучените страни во конфликтот се менуваат, а најмногу се менува нивниот однос. Со тоа се негира

[6)] [8]*На англиски: Be soft with person but tough on issue.*
[7)] [9]*На англиски: conlict resolution.*

дека после конфликтот можеме „да се вратиме на состојбата како што беше порано“. Неретко луѓето во ситуации на војна зборуваат за враќање на состојбата од пред конфликтот, што е и човечки разбирливо, но е нереално да се очекува. Случувањата во конфликтите, особено насилните и вооружените, ги менуваат драстично и самите актери како и нивниот однос, па така зборуваме за трансформација во која насилниот конфликт ќе се заврши и ќе се воспостави нов однос, а нема да се врати „оној стариот“.

Во мировната работа зборуваме за ненасилна трансформација на конфликтите. Со тоа нагласуваме дека мора да се земат предвид: а) фактите, б) чувствата и в) потребите на сите вклучени страни. Кај НТК нема победници и поразени, туку постои договор со кој сите се помалку (компромис) или повеќе (соработка) задоволни.

Трансформацијата на конфликтите е големо и научно, академски во пракса признато подрачје. Вклучува анализа на конфликтот (кои се директно и индиректно вклучени страни, кои се нивните чувства и потреби, што навистина се случило – фактичка вистина), динамика на конфликтот (конфликтот постојано се менува, односите помеѓу актерите се менуваат, сознанијата за елементите на конфликтот се менуваат, се вмешуваат надворешни актери...), начините на обноска со конфликтот (во најголема мерка во однос на заинтересираноста и моќта на вклучените страни да влијаат на промената).

Стандардна грешка е да се очекува дека конфликтот „ќе се реши“ и дека после „разрешувањето“ не треба повеќе да се работи на односите помеѓу страните. Најкорисно е да се сфати дека и самиот конфликт укажува на кревкоста на односите и нивната сложеност и дека е важно постојано да се работи на нивно квалитетно одржување (комуникацијата, очекувањата, задоволувањето на потребите, поделбата на моќта...).




